# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО



**МАЈ, 2025**

| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА ДОКУМЕНТОТ:** | **ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО** |
| **ИНВЕСТИТОР:** | **ИГМ Трејд - Кавадарци** |
| **ИЗРАБОТУВАЧ:** | **д-р Наталија Ацеска**<br>**Овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина** |
| **ОДГОВОРНО ЛИЦЕ:** | **д-р Наталија Ацеска**<br>**Овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина** |
| **СОРАБОТНИЦИ:** | **ДООЕЛ ,,ПЕРКАН ПРОЕКТ,, ПРИЛЕП**<br>**ул.Андон Слабејко бр.52 / тел.048 410 836**<br>**e-mail : perkanproekt@gmail.com** |
| **ДАТУМ:** | **АПРИЛ, 2025 година** |
| **МЕСТО:** | **КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, Општина Неготино** |

# С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВОВЕД | 6 |
| 2 | ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА | 10 |
| 2.1 | ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА | 11 |
| 3 | ОПИС НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ | 12 |
| 3.1. | СОДРЖИНА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ | 13 |
| 3.2. | ПЛАНСКИ ОПФАТ | 16 |
| 3.3. | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО | 17 |
| 3.3.1. | СЕГАШНА СОСТОЈБА НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОСТОР | 18 |
| 3.3.1. | ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ ЗА ИДЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ | 20 |
| 3.3.3. | РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ | 28 |
| 4 | КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА И ВО ОКОЛИНАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ | 33 |
| 4.1. | КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА | 33 |
| 4.1.1. | ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА | 34 |
| 4.1.2. | РЕЛЈЕФ | 35 |
| 4.1.3. | ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ | 35 |
| 4.1.4. | КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ | 36 |
| 4.1.5. | СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ | 39 |
| 4.1.6. | НАСЕЛЕНИЕ | 39 |
| 4.1.7. | СТОПАНСТВО | 41 |
| 4.1.8. | КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО | 42 |
| 4.2. | КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ | 44 |
| 4.2.1. | КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ | 44 |
| 4.2.2. | БУЧАВА | 44 |
| 4.2.3. | ВОДЕНИ РЕСУРСИ | 45 |
| 4.2.4 | БИОДИВЕРЗИТЕТ | 46 |
| 4.2.5. | ПОЧВА | 47 |
| 4.2.6. | УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД | 48 |
| 4.3. | СЕГАШНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ | 50 |
| 5 | ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ | 54 |
| 6 | СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ | 55 |
| 7 | ВРСКА И УСОГЛАСЕНОТ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ | 56 |
| 8 | ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | 58 |
| 8.1 | ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРЕДМЕТНИОТ ОПФАТ | 58 |
| 8.2. | ЦЕЛИ НА СОЖС | 60 |
| 9 | ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | 63 |
| 9.1. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО | 64 |
| 9.2. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ | 64 |
| 9.3. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ | 64 |
| 9.4. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ | 65 |
| 9.5. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА | 65 |
| 9.6. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ | 66 |
| 9.7. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЕЛЕНИЕ | 66 |

| | | |
|---|---|---|
| 9.8. | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ........................................................................ | 66 |
| 9.9. | ВЛИЈАНИЕ  ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА................................................................. | 67 |
| 9.10. | ВЛИЈАНИЕ  ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ............................ | 67 |
| 10. | МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ..................................................................... | 69 |
| 10.1. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО................................ | 69 |
| 10.2. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ.................. | 69 |
| 10.3. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ............................................... | 69 |
| 10.4. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ............... | 70 |
| 10.5. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА.......................................... | 70 |
| 10.6. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ........................................ | 70 |
| 10.7. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО........... | 71 |
| 10.8. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ....................... | 71 |
| 10.9. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА............... | 72 |
| 10.10. | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД  УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ......................................................................................................... | 72 |
| 10.11. | МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕСРЕЌИ И ХАВАРИИ................................ | 72 |
| 11 | АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ.............................................................................. | 74 |
| 12. | АЛТЕРНАТИВИ........................................................................................................... | 83 |
| 13. | ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ............................................................................................ | 84 |
| 14. | НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ............................................................................................. | 89 |
| 15. | ЗАКЛУЧОЦИ.............................................................................................................. | 97 |
| 15. | ПРИЛОЗИ.................................................................................................................. | 98 |
| 16.1. | ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТУВАЧОТ............................................................................ | 99 |
| 16.2. | ЛИСТА НА РЕЛЕВАНТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА.................................................... | 100 |
| 16.3. | РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ОВЖС И СОВЖС.......................................................................... | 102 |
| 16.4. | МИСЛЕЊЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОСТАПКА ЗА СОЖС ............ | 106 |
| 16.5 | СКИЦИ, ШЕМАТСКИ ПРИКАЗИ................................................................................. | 107 |

# 1. ВОВЕД

Предмет на изработка на оваа СЕА е документациона основа на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО.

Планот е изработен врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, бр.111/23, бр.73/24, бр.171/24, бр.224/24 и бр.40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20, бр.219/21, бр.104/22, бр.99/23 и бр.7/25) како и другата позитивна законска регулатива која се однесува на оваа област.

Планскиот период изнесува 10 години согласно член 22 Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, бр.111/23, бр.73/24, бр.171/24, бр.224/24 и бр.40/25).

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење е изработен како предлог план, согласно член 21 став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, бр.111/23, бр.73/24, бр.171/24, бр.224/24 и бр.40/25).

Врз основа на член 65, став (4) од Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005 и 24/2007), Владата на Република Македонија, на 20.11.2007 донесе „Уредба за критериумите врз основа на кои се донесувааат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето“.

Според оваа Уредба, стратегиска оцена се спроведува за планските документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето. Стратегиска оцена треба да се направи и на Националниот акционен план за животна средина и на локалните акциони планови за животна средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оценка на влијанието на проектот врз животната средина, како на национално така и на локално ниво.

Стратегиска оцена претставува процедура за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Стратегиската оцена на животната средина е процес во кој се предвидуваат одредени мерки, кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи.

Преку навремено спроведување на постапката за стратегиска оцена на животната средина се обезбедува идентификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на целите на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, а исто таке се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

ЕУ Директивите и националното законодавство апелираат да стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ како процес се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел целите на животната средина навреме да се земат во предвид

при дефинирање на целите на самиот плански документ. Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој. Стратегиската оцена треба да ги земат предвид сите влијанија врз животната средина и притоа се стреми:

- Да овозможи вградување на аспектите на животната средина во процесот на урбанистичкото планирање
- Да ја зголеми ефикасноста при донесување на одлуки во однос на заштита на животната средина;
- Да обезбеди интегриран приод кон животната средина;
- Да го овозможи учеството на јавноста и консултирање со јавноста во процесот на донесување на одлуки;
- Да ја поттикне меѓусекторската соработка;
- Да се вградат одредбите на одржливиот развој (економски, социјални и еколошки аспекти).

Изработката на извештајот за стратегиска оцена на Урбанистичкиот план за подрачја од државно значење и неговото влојание врз планска документација врз животната средина, беше изработен од експертски тим и овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина, д-р Наталија Ацеска со соработници во периодот од Март- Мај 2025 година.

## 2. ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.
Стратегиската оцена претставува формална и систематска оцена на значајните влијанија врз животната средина кои би произлегле со имплементацијата на предвидениот планскиот документ врз животната средина, но пред носење на одлуката за негово усвојување. Процесот на стратегиска оцена опфаќа:

- Подготовка на Извештај за стратегиска оцена каде што значајните влијанија од планскиот документ се идентификувани и оценети;
- Консултации со засегната јавност, органот надлежен за работи од областа на животната средина и останатите органи засегнати со имплементацијата на планскиот документ;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Земање предвид на заклучоците од Извештајот и консултациите при финализирање на нацрт планскиот документ;
- Објавување на одлуката за усвојување на планскиот документ и како стратегиската оцена влијаела врз усвојувањето на документот.

## 2.1. ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА

При подготовка на извештајот за Стратегиска оцена на влијанието од реализацијата на урбанистичкиот план, експертскиот тим ја примени стандардната методологија, која се состоеше од следните чекори:

- Состанок со одговорните лица на инвеститорот;
- Посета на локацијата и проучување на теренот;
- Анализа на сегашната состојба со животната средина на предметниот опфат и неговата непосредна близина;
- Идентификување на медиумите и областите на животната средина кои би биле најосетливи при реализацијата на планот;
- Анализа на Урбанистичкиот план, намената на земјиштето и планираните функции на планскиот опфат;
- Идентификување на веќе постоечките дефинирани цели за заштита и унапредување на животната средина во стратешки документи, како на локално така и на национално ниво;
- Идентификување на потенцијалните негативни влијанија врз здравјето на човекот и животната средина од реализација на деталната урбанистичка планска документација;
- Оценка на позитивните и негативните влијанија и анализа на значењето, времетраењето и штетноста на истите;
- Предлог мерки за спречување, намалување и ублажување на влијанијата на Урбанистичкиот план врз животната средина;
- Креирање на План за мониторинг на реализација на предложените мерки

Во подготовката на извештајот за стратегиска оцена на урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење врз животната средина, беше користена многубројна литература од оваа област, и тоа: националната легислатива, стратешки локални и национални документи, урбанистичка планска документација, извештаи од меѓународни институции од оваа област и др.

# 3. ОПИС НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

## 3.1. СОДРЖИНА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Со Просторниот план на Р.С. Македонија се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат условите за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесување на Просторниот план на Р.С. Македонија (на седницата на Собранието на РМ одржана на 11. 06. 2004 година) донесен е и Закон за спроведување на Просторниот план на РМ (Сл. весник на РМ, бр. 39/04), со кој се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на истиот.

Планската документација ќе се работи согласно Законот за просторно и урбанис- тичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18),

Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Причина за изработка на урбанистички план е токму ширењето и равојот на туризмот и локалната економија, како и да обезбедувањена поквалитетна организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

Урбанистичкиот план е изготвен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Урбанистичкиот план согласно Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15) се состои од:

**Документациона основа која содржи:**

- Географски и геодетски карактеристики на подрачјето на планскиот опфат;
- Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина;
- Податоци за природни чинители и создадени вредности;
- Инвентаризација на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура;
- Графичка документација.

**Планска документација која содржи:**

- Вид на планот и опис на планскиот опфат;
- Извод од услови за планирање на просторот;
- Планска програма;
- Опис и образложение на планско-проектниот концепт;
- Ифраструктурни системи;
- Мерки за заштита и спасување;
- Технички услови и начин на градба;
- Услови за изградба;
- Графички прилози.

## 3.2. ПЛАНСКИ ОПФАТ

Локацијата, предмет за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, се наоѓа западно од Магистрален пат (автопат) - А1 (Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија), на место викано Црвен Брег и Дубровско, на надморска височина од 170-240m. Планскиот опфат се наоѓа на приближна оддалеченост од 3km југоисточно од градот Неготино, односно 3,5 km западно од еден од позначајните објекти на електропреносниот систем во државата - ТС Дуброво 400/110kV.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење – енергетски комплекс – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори бад 10 MW, КО дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино, го дефинираат следните граници:

Опфатот го дефинираат следните граници:

•На североисток граничи со Магистрален пат (автопат) - А1 (Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија) и со планскиот опфат на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија - Грција

- На исток границите на планскиот опфат се до КП 278/3, КП 278/10, КП 278/5, КП 471/1, КО Дуброво, општина Неготино,
- На југ границите на планскиот опфат се до КП 278/5, КП 471/1, КО Дуброво, општина Неготино, КП 92, КП 87/1, КП 85/1, КП 84/1, КП 83, КП 85/4, КП 79/17, КП 86, КП 93/1, КО Тимјаник, општина Неготино,
- На југозапад границите на планскиот опфат се до КП 93/1, КП 85/1, КП 79/17, КП 79/12, КП 79/11, КП 79/10, КП 79/9, КО Тимјаник, општина Неготино,
- На запад границите на планскиот опфат се до КП 79/8, КП 79/20,КП 79/7, КП 79/19, КП 79/6, КП 74/1, КО Тимјаник, општина Неготино,
- На северозапад границите на планскиот опфат се до КП 74/1, КП 74/2, 79/6, КО Тимјаник, општина Неготино.

Границата на предложениот плански опфат ги опфаќа следните катастарски парцели:

- КО Дуброво: КП 278/6, 278/3, 278/10, 278/5, сопственост на ИГМ Трејд и 278/8, 469, 471/1-дел, 472/1-дел, 483/1-дел, сопственост на РСМ
- КО Тимјаник: 79/17, 79/12, 79/11, 79/10, 79/9, 79/19-дел, 79/16, 79/13, 79/15, 79/14, 79/32, 79/34, 79/8, 79/18, 79/28, 79/20, 79/7-дел, 79/40-дел, 79/6-дел, 74/1, 74/2, 79/26-дел, 79/30 сопственост на ИГМ Трејд и КП 3677-дел, 83, 92, 91, 87/1-дел, 85/1-дел, 85/4, 84/1-дел, 86-дел, 93/1-дел, 79/5-дел сопственост на РСМ.

**Површината на планскиот опфат изнесува 145,23ha.**

Површината на прелиминарниот опфат на овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, според Планската програма изнесуваше 158,94ha. Во текот на изработка на урбанистичкиот план, по добиените податоци од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост со бр.40-923/3 од 08.02.2023г., поради закуп на дел од земјиштето, планскиот опфат е прво предефиниран и намален на 150,42ha. Потоа со дополнителни анализи се утврдува дека и најсеверниот дел на опфатот, како простор помеѓу заштитни

појаси (на интерконективен гасововод и магистрален пат - автопат А1 – Велес -Неготино - Демир Капија - Гевгелија) е неповолен за реализација на површински соларни и фотоволтаични електрани и затоа планскиот опфат втор пат се намалува и сега изнесува 145,23ha.

**Местоположба на локацијата и ружа на ветрови**



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Биланс на намена на површините*

***Користење на земјиштето*** *Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта бр. 22*

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

**Образование**
- Средно
- Вишо
- Високо

**Здравствена заштита**
- Секундарна
- Терцијална

**Оски на развој**
- источна
- север-југ
- западна
- јужна
- северна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Техничка инфраструктура*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта бр. 23*



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Заштита на животната средина*

**Реонизација и категоризација на просторот за заштита** *Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини






**Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот**

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско и функционално обликување на просторот.

При создавањето на концептот за изработка на овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, се настојува да се запазат програмски барања, стратешките определби и насоките од Просторниот план на државата:

„Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на енергетиката и енергетската инфраструктура со Просторниот план на Р. Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива „Европа 2020“ за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на

енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.
Градбата на енергетски објекти со погон од обновливи извори на енергија (фото-волтаични електрани и соларни панели) ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.“
Планираниот енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино, целосно се вклопува во заложбите и определбите на државата за одржлив развој на енергетскиот сектор и искористување на алтернативните енергии. Овој план се надоврзува на „Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година“ -(Стратегија) - (изработена од PricewaterhouseCoopers (PwC), Strategy& (part of PwC network) и Истражувачкиот центар за енергетика и одржлив развој на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ).
Стратегијата го трасира патот за остварување на визијата за сигурен, ефикасен, еколошки и конкурентен енергетски систем што е способен да го поддржи одржливиот економски раст на земјата. Стратегијата дефинира повеќе стратешки цели за државата, мапирани во пет енергетски столбови.
Третиот енергетски столб, според наведената Стратегија е Декарбонизација, односно: „во Зеленото сценарио во 2040 на GHG (Стакленички гасови) се намалуваат за 61,5% во однос на 2005г или 72,8% во однос на Бизнис сценариото, истовремено значително зголемувајќи го користењето на ОИЕ – обновливите извори на енергија на одржлив начин достигнувајќи нивно учество од 45% во бруто потрошувачка на финална енергија.
Во столбот Декарбонизација со Стратегијата се препорачува:
„Промовирање на користењето на ОИЕ - обновливите извори на енергија на начин кој обезбедува одржлив развој. Уделот на ОИЕ - обновливите извори на енергија во вкупната потрошувачка на финална енергија се зголемува во сите сценарија, достигнувајќи 35-45% во 2040 година. Фотонапонските (ФН) и ветерните електроцентрали ќе бидат најбрзорастечки технологии за производство на електрична енергија во сите сценарија (до 1.400 MW ФН и 750 MW ветер)“

**Цели на урбанистичкиот план**

При изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, се настојуваше да се запазат програмски барања и стратешки определби и насоки од Просторниот план на државата: *„Реализацијата на предметниот план со намена за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор, преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.“*
Предметниот плански опфат за овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, се наоѓа во непосредна близина, односно на исток од стратешките

електроенергетски капацитети во државата: Трафостаницата – Дуброво 400/110kV и ТЕЦ Неготино. Тоа значи дека планираниот енергетски комплекс е во насока на остарување функционална интегрираност на просторот на државата.

**Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби**

Во и покрај планскиот опфат поминува и се вкрстува инфраструктурна мрежа, која е од значење не само за непосредната околина на просторот туку и за државата.
Близината на населеното место Неготино, северозападно од планскиот опфат на 3km, близината на еден од позначајните објекти на електропреносниот систем во државата - ТС Дуброво 400/110kV - 3,5km западно од опфатот и непосредната близина на Магистралниот пат - А1 (Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија) и Регионалниот пат - Р1102 **-** Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија - (врска со А1) до планскиот опфат, се значајни чинители за развојот на планираниот енергетскиот комплекс со овој план.
Од електроенергетската мрежа се врkстуваат три постојни електроенергетски далекуводи:

- 35kV надземен далекувод во западниот дел од планскиот офат
- 400kV надземен далекувод Дуброво-Скопје4 и
- 400kV надземен далекувод Дуброво-Битола2 двата во јужниот дел од планскиот опфат.

За енергетската инфраструктура со планското решение се предвидуваат заштитни појаси согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Мрежните правила за пренос на електрична енергија.
Дополнителна доминантна инфраструктура која минува низ планскиот опфат е главен канал и цевоводи за наводнување, за кои се предвидува заштитен појас. Дел од цевоводите за наводнување (линија 56 и линија 57) ќе бидат надвор од употреба бидејќи истите почнуваат и завршуваат во предметниот опфат и немаат идна функција.
Северно од планскиот опфат поминува постојниот магистрален гасовод Клечовце-Неготино (Кавадарци). Во североисточниот дел се планирани: магистралниот гасовод Неготино-ТЕЦ Неготино и интерконективен гасовод РС Македонија – Р Грција.
Во северниот дел планскиот опфат граничи со група станици за манипулација со гасоводни системи. За оваа група, ако и за горенаведените гасоводи планирани се заштитни појаси согласно Правилник за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јаглеводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Службен лист на СФРЈ бр.26 од 24.05.1985).
Енергетскиот комплекс предмет на овој Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е голем и комплексен простор, односно претставува функционална целина за чиешто уредување и реализација е неопходен урбанистички план.
Имајќи предвид дека неразделна компонента на урбанистичкото планирање е сообраќајната инфраструктура, една од задачите на предметниот урбанистички план, покрај парцелација на градежни парцели, потребни урбанистички параметри и одредби за градење, е и планирање на пристап до градежните парцели. Планираниот Пристапен Пат П1, во опфатот се надоврзува на постојниот надвозник, кој преку постоен пристапен пат со

званична клучка се поврзува со Регионалниот пат - Р1102 - Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија - (врска со А1) и на тој начин планскиот опфат е поврзан со останатата сообраќајна мрежа во државата.
Пристапот до локацијата е пристап и во актуелниот УПВНМ за изградба на КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО, донесен со Одлука бр.08-31/10 од 31.01.2017г. Новопланираниот Пристапен Пат П1, се наоѓа во североисточниот дел на планскиот опфат. Започнува од постоен надвозник во северниот дел и завршува на југ кон земјоделско земјиште. Со цел пристап до столбните места на постоечките 400kV далекуводи , планирани се Пристапен Пат П2 и Пристапен Пат П3, во југоисточниот дел од планскиот опфат и Пристапен Пат П4 во југозападниот дел од планскиот опфат.
Во границите на планскиот опфат предвидени се вкупно 7 градежни парцели:

- две градежни парцели со намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
- една градежна парцела со намена: Е1.8-Трансформаторска станица (110kV)
- четири градежни парцели со намена: Е1.8 – Далноводски столбови

Просторно доминантни се градежните парцели со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Градежната парцела за трансформаторска станица која се наоѓа во југоисточниот дел од планскиот опфат, овозможува поврзување на енергетскиот комплекс со енергетската мрежа во државата
.

## 3.3. НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО

Со овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, се одредуваат наменските употреби на земјиштето и градбите, се дефинираат површините и условите за градење со сите урбанистички параметри, се дефинираат секундарните инфраструктурни водови и секундарната сообраќајна мрежа.
Конечните површини за градење ќе бидат утврдени со Основните проекти за секоја градежна парцела посебно со посебни проектни програми.

**- Намена на земјиштето и градбите**
Во овој плански опфат земјиштето и градбите ги имаат следните класи на намени:
**КЛАСА НА НАМЕНА:**

- Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Поединечна намена:

- Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило

**КЛАСА НА НАМЕНА:**

- Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
- Поединечни намени:
- Е1.1 – Сообраќајна патна инфраструктура (автопат и пристапен пат)
- Е1.8 – Трансформаторска станица (110kV)
- Е1.8 – Далноводски столбови

- Е1.10 – Интерконективен и магистрален гасовод
- Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Планираните намени на земјиштето во планскиот опфат се распоредени како следи:
1. Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило.................................................11077,35м² (0,8%)
2. Е1.1 – Сообраќајна патна инфраструктура ( автопат и пристапен пат).44177,53м² (3,0%)
3. Е1.8 – Трансформаторска станица...............................................14117,30м² (1,0%)
4. Е1.8 –Далноводски столбови.............................................................2100,72м² (0.1%)
5. Е1.10 – Интерконективен и магистрален гасовод................................54512,02м² (3,8%)
6. Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани.........1326273,97м² (91,3%)
---------------------------------------------------------------------------------------
ВКУПНО:..................................................1452258,89м² (100,0%)

За класата на намена Е1.8 – Трансформаторска станица (110kV), се предвидува поставување на други супраструктурни градби (електроенергетски столбови и др.), како и поставување на секаков вид на комунална инфраструктура како комплементарна намена во служба на трансформаторската станица.

За класата на намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани во рамките на градежната парцела возможно е поставување на други супраструктурни градби како комплементарни намени во служба на основната - фотонапонска електроцентрала: контролни станици, трафостаници, помошни простории, простории за надзор и обезбедување, останати машински простории и сл.

Во рамките на градежната парцела дозволено е и поставување на секаков вид на комунална инфраструктура како комплементарна намена во служба на фотонапонската електроцентрала. Дозволено е и поставување на столбови за осветлување, канделабри, камери за надзор, антенски столбови и било каков вид на инфраструктурни инсталации со кои не се obsидува затворен корисен простор. Местоположбата и висината на овие градби не се условени со зададениот простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, како ни со максимално дозволената височина на градбите. Сепак, од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај, инсталациите не смеат да бидат со височина поголема од 15м.

***Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите***

Основа за изработка посебни услови за изградба, како одредби кои се издаваат со Изводот од план е специфичноста на планскиот концепт во планскиот опфат, како и планско-проектните барања. Посебните услови се однесуваат за секоја градежна парцела посебно:

**Градежна парцела ГП 01**

Намена:

**-Намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани**

- Колски пристап од Пристапен пат П1
- Површина на градежна парцела ...........................................................103537,32м2
- Површина за градење.......................................................................72476,12м2
- Вкупно изградена површина...................................................................72476,12м2

- Процент на изграденост.........................................................................................70%
- Коефициент на искористеност..............................................................................0,7
- Max. висина на градбата до завршен венец.........................................................5м

Од наведените максимални висини може да остапуваат:

- помошните простории, просториите за надзор и обезбедување, останати машински простории и сл., каде за максимална висина се дозволува 7м., како и супраструктурни и инфраструктурни градби (столбови за пренос и дистрибуција на електрична енергија во енергетскиот систем во државата)
- Максималната висина на слеме..............................................................................5м
- Max. број на катови...................................................................................................П
- Процент на озеленетост во ГП..............................................................................20%
- Графички означената површина за градба претставува рамковна површина која е поголема од нумеричката вредност дадена во табелата и истата означува граница до каде можат да се планираат објектите на комплексната градба во градежната парцела, според дадените нумерички вредности.
- Во рамките на градежната парцела можно е поставување на други супраструктурни градби како комплементарни намени во служба на основната – фотоволтаична електрана: контролни станици, трафостаници, помошни простории, простории за надзор и обезбедување, останати машински простории и сл.
- Во рамките на градежната парцела дозволено е и поставување на секаков вид на комунална инфраструктура како комплементарна намена во служба на фотонапонската електроцентрала. -Дозволено е и поставување на столбови за осветлување, канделабри, камери за надзор, антенски столбови и било каков вид на инфраструктурни инсталации со кои не се обѕидува затворен корисен простор. Местоположбата и висината на овие градби не се условени со зададениот простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, како ни со максимално дозволената височина на градбите..
- Градежната линија се спроведува согласно точка 7 од општите услови на планот.
- Отворите на градбите се корелативни со планските одредби за површината за градење и се спроведуваат согласно точка 10 од општите услови на планот.
- При изработка на проектна документација со проектна програма да се дефинира број на паркинг места за основната намена, но и за комплементарните намени доколку се застапени во рамковната површина за градење.
- Обезбедување на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимална дозволена висина и површина за градба.

Низ градежната парцела поминува цевковод кој се предвидува да биде отстранет, согласно допис на АД „Водосопанство на РМ“ Скопје, со бр.11-811/3 од 03.07.2023г.

**Градежна парцела ГП 02**

Намена:

**-Намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани**

- Колски пристап од Пристапен пат П2
- Површина на градежна парцела ...................................................1222736,65м2
- Површина за градење.....................................................................855915,66м2
- Вкупно изградена површина........................................................... 855915,66м2

- Процент на изграденост.......................................................................................70%
- Коефициент на искористеност..............................................................................0,7

Мах. висина на градбата до завршен венец.............................................................5м
Од наведените максимални висини може да остапуваат:

- помошните простории, просториите за надзор и обезбедување, останати машински простории и сл., каде за максимална висина се дозволува 7м., како и
- супраструктурни и инфраструктурни градби (столбови за пренос и дистрибуција на електрична енергија во енергетскиот систем во државата)
- Максималната висина на слеме............................................................................5м
- Мах. број на катови................................................................................................П
- Процент на озеленетост во ГП.............................................................................20%

**Градежна парцела ГП 03**
Намена:
**-Намена: Е1.8 – Трансформаторска станица (110kV)**

- Колски пристап од Пристапен пат П1
- Површина на градежна парцела ............................................................14117,30м2
- Површина за градење.........................................................................9005,25м2
- Вкупно изградена површина...............................................................9005,25м2
- Процент на изграденост.......................................................................................64%
- Коефициент на искористеност...............................................................................0,6
- Мах. висина на градбата до завршен венец........................................................26м

**Градежна парцела ГП 04**
Намена:
**-Намена: Е1.8 – Далноводски столбови**

- Колски пристап од Пристапен пат П2
- Површина на градежна парцела ...................................................................527,69м2
- Површина за градење...........................................................................100,00м2
- Вкупно изградена површина................................................................100,00м2
- Процент на изграденост.......................................................................................19%
- Коефициент на искористеност..............................................................................0,2
- Мах. висина на градбата до завршен венец.......................................................26м
- Од наведената максимална висина може да остапуваат потребни елементи за функционирање на столбовите за пренос на електрична енергија во енергетскиот систем во државата.
- Мах. број на катови...............................................................................................П
- Процент на озеленетост во ГП...........................................................................20%

Согласно **Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со Градежна парцела ГП 05**
Намена:
**-Намена: Е1.8 – Далноводски столбови**

- -Колски пристап од Пристапен пат П3
- -Површина на градежна парцела ........................................................529,00м2

- -Површина за градење.....................................................................100,00м2
- -Вкупно изградена површина..............................................................100,00м2
- -Процент на изграденост......................................................................19%
- -Коефициент на искористеност...................................................................0,2
- -Мах. висина на градбата до завршен венец.............................................26м
- Од наведената максимална висина може да остапуваат потребни елементи за функционирање на столбовите за пренос на електрична енергија во енергетскиот систем во државата.
- Мах. број на катови..........................................................................................П
- Процент на озеленетост во ГП......................................................................20%

**Градежна парцела ГП 06**

Намена:

**-Намена: Е1.8 – Далноводски столбови**

- Колски пристап од Пристапен пат П4
- Површина на градежна парцела .............................................................513,03м2
- Површина за градење......................................................................................100,00м2
- Вкупно изградена површина...........................................................................100,00м2
- Процент на изграденост.....................................................................................19%
- Коефициент на искористеност...........................................................................0,2
- Мах. висина на градбата до завршен венец....................................................26м
- Од наведената максимална висина може да остапуваат потребни елементи за функционирање на столбовите за пренос на електрична енергија во енергетскиот систем во државата.
- Мах. број на катови..............................................................................................П
- Процент на озеленетост во ГП..........................................................................20%

**Градежна парцела ГП 07**

Намена:

**-Намена: Е1.8 – Далноводски столбови**

- Колски пристап од Пристапен пат П4
- Површина на градежна парцела .............................................................529,00м2
- Површина за градење......................................................................................100,00м2
- Вкупно изградена површина...........................................................................100,00м2
- Процент на изграденост.....................................................................................19%
- Коефициент на искористеност...........................................................................0,2
- Мах. висина на градбата до завршен венец....................................................26м
- Од наведената максимална висина може да остапуваат потребни елементи за функционирање на столбовите за пренос на електрична енергија во енергетскиот систем во државата.
- Мах. број на катови.................................................................................................П
- Процент на озеленетост во ГП............................................................................20%

*Согласно **Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018г.)***

•*член 203, став 1: „Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиштето под, над и покрај енергетските објекти, уреди и*

*постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.“*

*•член 204, став 1: „Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште.“*

*За оградување на предвидените градежни парцели:*

*Согласно **Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV** (Сл. Весник на РМ бр.25/2019 od 01.02.2019г.) член 183: „Металните и жичените огради што се наоѓаат околу објекти, во кои се задржуваат поголем број лица или служат за живеење, не смеат да се поставуваат во близина на челични и армиранобетонски столбови. Нивната оддалеченост мора да изнесува најмалку 0,7Un(cm); но не помалку од 20cm, каде што Un е номинален напон (kV) За водови со номинален напон од 110kV и повеќе, потребно е засметување или мерење на индукуваните напони при нормален погон на далноводот.*

*Ако индукуваниот напон спрема земјата земјата е поголем од 65V, треба да се превземат посебни мерки за заштита (заземјување, галванско одвојување на делови на оградата, замена на оградата и слично). Ако заштитата се врши со заземјување, отпорноста на заземјувањето не смее да биде поголема од 25Ω.*

*Сигурносната оддалеченост на водот од металните и жичените огради изнесува 3,0м.„*

## НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ

| ГП | | ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА м² | ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА м² | Н мак. ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ | | ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ | КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ | КЛАСА НА НАМЕНА НА ГРАДБИТЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БР. | ПОВРШИНА м² | | | м' | спратност | | | |
| 01 | 103537,32 | 72476,12 | 72.476,12 | 5,0 | П | 70% | 0,7 | Е1.13 |
| 02 | 1222736,65 | 855915,66 | 855.915,66 | 5,0 | П | 70% | 0,7 | Е1.13 |
| 03 | 14117,30 | 9005,25 | 9.005,25 | 26,0 | П | 64% | 0,6 | Е1.8-ТС |
| 04 | 527,69 | 100,00 | 100,00 | 26,0 | П | 19% | 0,2 | Е1.8 |
| 05 | 529,00 | 100,00 | 100,00 | 26,0 | П | 19% | 0,2 | Е1.8 |
| 06 | 515,03 | 100,00 | 100,00 | 26,0 | П | 19% | 0,2 | Е1.8 |
| 07 | 529,00 | 100,00 | 100,00 | 26,0 | П | 19% | 0,2 | Е1.8 |
| **ВК:** | **1.342.491,99** | **937.797,03** | **937.797,03** | / | / | **70%** | **0,7** | / |

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНАТА СОСТОЈБА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ** | **100%** | **1.452.258,89** | **м²** |
| **2** | **Д2.1-ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО** | **0,8%** | **11.077,35** | **м²** |
| **3** | **Е1.1-СООБРАЌАЈНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА** | **3,0%** | **44.177,53** | **м²** |
| **4** | **Е1.8-ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА** | **1,0%** | **14.117,30** | **м²** |
| **5** | **Е1.8-ДАЛНОВОДСКИ СТОЛБОВИ** | **0,1%** | **2.100,72** | **м²** |
| **6** | **Е1.10-ИНТЕРКОНЕКТИВЕН МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД** | **3,8%** | **54.512,02** | **м²** |
| **7** | **Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ** | **91,3%** | **1.326.273,97** | **м²** |
| **8** | ВКУПНА ПОВРШИНА НА ГП ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ | | 1.342.491,99 | м² |
| **9** | ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА | | 937.797,03 | м² |
| **10** | ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА | | 937.797,03 | м² |
| **11** | ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (просек) - **Пи** | | 70% | |
| **12** | КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (просек) - **Ки** | | 0,7 | |
| **13** | БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ | | 7 | |

### 3.3.1. СЕГАШНА СОСТОЈБА НА ПРЕДМЕТНИОТ ПРОСТОР

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба, освен кај комплексните градби составени од повеќе површини за градење или комплексите што содржат повеќе градби во една градежна парцела.
Во планскиот опфат на предметниот УППГДЗ предвидени се вкупно 4 градежни парцели во кои се предвидени градби составени од повеќе површини за градење.
Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
Максималната височина на градбите во овој плански опфат е одредена како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри.
Максималната височина на градбите во планскиот опфат е изразена како вертикално растојание помеѓу непосредниот пристап и завршниот венец на градбата, изразена во должни метри. Планираната максимална висина за градбите во опфатот иснесува 5м, за градежните парцели со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и 26м за градежните парцели со намена Е1.8 – Трансформаторска станица и Е1.8-Далноводски столбови.
Планираниот Пристапен Пат П1 во опфатот се надоврзува на постојниот надвозник, кој преку постоен пристапен пат со званична клучка се поврзува со Регионалниот пат - Р1102 - Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија - (врска со А1), преку него се поврзува со Магистралниот пат (автопат) - А1 (Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија) и на тој начин планскиот опфат е поврзан со останатата сообраќајна мрежа во државата.
Пристапот до локацијата е пристап и во актуелниот УПВНМ за изградба на КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО, донесен со Одлука бр.08-31/10 од 31.01.2017г.
Новопланираниот Пристапен Пат П1, се протега во североисточниот дел на планскиот опфат. Започнува од постоен надвозник во северниот дел и завршува на југ кон земјоделско земјиште.
- Пристапен Пат П1 со профил од 12м (3м банкина + 6м (3м+3м) коловоз + 3м банкина);
Со цел пристап до столбните места на постоечките 400kV далекуводи , планирани се Пристапен Пат П2 и Пристапен Пат П3, во југоисточниот дел од планскиот опфат и Пристапен Пат П4 во југозападниот дел од планскиот опфат.
- Пристапен пат П2 со профил од 3,5м коловоз,
- Пристапен пат П3 со профил од 3,5м коловоз,
- Пристапен пат П4 со профил од 3,5м коловоз.
Североисточната граница на планскиот опфат минува низ Магистралниот пат (автопат) - А1 (Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија). Во овој дел од планскиот опфат сообраќајната патна инфраструктура, односно автопатот се задржува како во постојната состојба. Согласно Законот за јавните патишта (Сл. Весник на РМ бр 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16), за автопатот предвиден е заштитен појас од 40м.
Во планскиот опфат паркирање се предвидува во градежните парцели.

За основните намени на градбите во планскиот опфат и нивните комплементарни намени, потребниот број паркинг места да се обезбедат во рамки на градежната парцела и да се утврдат во основниот проект и проектната програма, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата.

Водоснабдување

Во границите на планскиот опфат предвидени се вкупно 7 градежни парцели: две градежни парцели со намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, една градежна парцела со намена: Е1.8-Трансформаторска станица (110kV) и четири градежни парцели со намена Е1.8-Далноводски столбови.

Просторно доминантни се градежните парцели со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Градежната парцела за трансформаторска станица се наоѓа во југоисточниот дел од планскиот опфат.

До ЈП „Комуналец“ - Неготино, со бр. 07-144/6 од 19.08.2022 год., испратено е барање за постојни и планирани водоводни линии во планскиот опфат или во негова непосредна близина, на кое не е одговорено.

Ако во планскиот опфат или во негова непосредна близина има водоводна линија, потребната количина на санитарна вода ќе се обезбеди со поврзување на истата. Во случај да нема водоводна линија, потребната количина на санитарна вода може да се обезбеди со:

- користење на вода од подземјето со изведба на цеваст бунар и хидростаница

- доведување на вода со автоцистерни до резервоар за вода и хидростаница.

Според податоците од АД „Водостопанство на РСМ“ – Скопје со бр.11-78/3 од 25.01.2023г., во планскиот опфат има отворен канал за наводнување од кој се одделуваат цевководи за наводнување: DV55 Ф400 мм, DV56 Ф250 мм, DV57 Ф250 мм, DV58 Ф250 мм, DV59 Ф350 мм, DV60 Ф150 мм и DV61 Ф250 мм.

За прецизно лоцирање на цевководите за наводнување во присуство на претставници од АД „Водостопанство на РСМ“ – Скопје, Подружница „Тиквеш“ – Кавадарци и претставници на ИГМ - Трејд ДОО Кавадарци, извршено е геодетско снимање и изработен Геодетски елаборат за снимена фактичка состојба.

Отворениот канал за наводнување наидува од северозападната страна покрај границата на опфатот, па се води кружно низ средината на опфатот по изохипса од кота 225 мнв, до кота 224 мнв на југозападниот дел. Тој има ширина од 2.5 м и на него е даден заштитен појас од 10.0 м (по 5.0 м лево и десно).

Цевководите за наводнување DV56 Ф250 мм и DV57 Ф250 мм, ќе бидат надвор од употреба, бидејќи истите почнуваат и завршуваат во предметниот опфат, односно се

технички нефункционални. За отстранување на горенаведените цевководи е добиена и согласност од АД „Водостопанство на РСМ“ – Скопје, со бр.11-811/3 од 3.07.2023г.
Останатите цевководи за наводнување: DV55 Ф400 мм, DV58 Ф250 мм, DV59 Ф350 мм, DV60 Ф150 мм и DV61 Ф250 мм, продолжуваат и после опфатот и остануваат во функција. На нив е даден заштитен појас од 6.0 м (по 3 м лево и десно).

**Фекална канализација**

До ЈП „Комуналец“ - Неготино, со бр. 07-144/6 од 19.08.2022 год., испратено е барање за постојна и планирана фекална канализација во планскиот опфат или во негова непосредна близина, на кое не е одговорено.

Количината на фекална вода ќе се определи према бројот на вработени. Ако нема постојна фекална канализација, фекалните отпадни води може да се пречистуваат со мала монтажна пречистителна станица (МПС) или да се собираат во непропуслива септичка јама (СЈ). После пречистувањето со МПС водите може да се користат за наводнување на зелените површини или ќе се испуштаат во попивателен бунар, а празнењето на СЈ треба да се извршува по потреба од надлежното комунално претпријатие.

Падот на теренот во горниот дел од планскиот опфат е североисточно, во средишниот дел кон исток, а во долниот дел југоисточно и јужно. Атмосферските води оттекуваат како што е и падот на теренот. Водите од повисокиот предел на западната страна се вливаат во отворениот канал за наводнување, а водите после него оттекуваат источно кон Магистралниот пат (автопат) – А1 (Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија). На одредени места низ патот има пропусти кои ја испуштаат водата источно кон река Вардар, која поминува на растојание од околу 2.0 км.
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 145,23ха. Како што е и погоре спомнато просторно доминантни се градежните парцели со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, на кои припаѓаат 132,63ха. Останатата површина припаѓа на: градежната парцела за трансформаторска станица 1.41ха, градежни парцели за далноводски столбови 0,21ха, сообраќајната патна инфраструктура 4.42, линиско сообраќајно зеленило 1.11ха и интерконективен и магистрален гасовод 5.45 ха.
Со изградба на енергетскиот комплекс за производство на електрична енергија, поради големата површина што припаѓа на градежните парцели со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (околу 91,3%), ќе има голем процент на тревна површина, односно мал коефициент на истекување, а со тоа и мали количини на површински атмосферски води. Истекувањето на атмосферските води ќе биде како што било и претходно по природен пат, како што е и падот на теренот. Кај пониските терен пред пристапниот пат ќе се остават пропусти за премин на водата од едната на другата страна од патот.

Електроенергетика
Во предметниот плански опфат се предвидува поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија која ќе биде со моќност над 10MW и за која цел се предвидува развиена мрежа од полиња со фотонапонски панели, трафостаници 10(20)/0,4kV кои ќе се поврзат меѓусебно и целата енергија ќе ја предаваат на 110kV трафостаница која се предвидува со овој план.

Од трафостаницата главна има приклучок на надворешно светло за непречено движење низ опфатот во ноќните часови и истото е обезбедено со надворешни светилки поставени на 12m метални столбови.
За 10(20)kV подземна мрежа, преку која се поврзуваат 10(20)/0,4kVтрафостаници со 110kV ТС се предвидува заштитен појас 1m лево и десно од самиот кабелски вод. Низ градежните парцели каде поминува надземен 35kV надземен вод на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје не се дозволува изградба на објекти во заштитниот појас на далекуводот (7 метри од оската на водот).
Низ градежните парцели каде поминува надземен 400kV надземен вод на АД МЕПСО не се дозволува изградба на објекти во заштитниот појас на далекуводот (15 метри од оската на водот). За промена на траса (дислокација) или промена на надземно водење со подземно на електроенергетската инфраструктура потребно е истото да биде направено со согласност на операторот на дистрибутивниот систем, односно операторот на преносниот систем според Мрежни правила за дистрибуција на електричната мрежа и Мрежни правила за пренос на електричната енергија. Надоместокот за дислокацијата/каблирањето го сноси барателот, во однос на делот кој минува низ неговата градежна парцела.

Произведената електрична енергија од фотонапонските панели преку планираната 110kV трансформатоска станица ќе се поврзи со енергетскиот систем на државата согласно Мрежни правила на надлежен оператор.

**Електронска комуникациска инфраструктура и опрема**
Електронска комуникациска инфраструктура е значаен фактор во развојот на општествениот стандард, со можноста за брзо ширење на секаков вид на информации.

**Мобилна телефонија**
Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле, А1, Лукамобил и Телекабел. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на региони, општини и населени места, изготвување на проекти за развој на GSM мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот и усогласување на развојните планови со одделни институции на државата.

Бројот на базните станици зависи од барањата за капацитетот на мрежата во одреден регион и категоријата на подрачјето кое се покрива: градско подрачје, патишта или рурални подрачја. Овој регион целосно е покриен со сигнал и на четирите мобилни оператори.

**Гасоводна инфраструктура**

Северно од планскиот опфат поминува постојниот магистрален гасовод Клечовце-Неготино (Кавадарци), додека во североисточниот дел планирани се магистралниот гасовод Неготино-ТЕЦ Неготино и интерконективен гасовод РС Македонија – Р Грција.

За постојниот магистрален гасовод Клечовце-Неготино (Кавадарци), како и за планираните: магистралниот гасовод Неготино-ТЕЦ Неготино и интерконективен гасовод РС Македонија – Р Грција, предвиден е заштитен појас од 30м лево и десно од оската на водот, согласно член 9 од Правилник за техничките услови и нормативи за безбеден

транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Службен лист на СФРЈ бр.26 од 24.05.1985).

Во северниот дел планскиот опфат граничи со група станици за манипулација со гасоводни системи. Планираните градби со овој урбанистички план, се надвор од пропишаните растојанија на постројките и уредите кои се составен дел од гасоводот, согласно Правилник за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Службен лист на СФРЈ бр.26 од 24.05.1985).

За интерконективниот гасовод РС Македонија – Р Грција, како и за групата станици за манипулација со гасоводни системи изработен е Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, донесен со Одлука на Влада на РСМ со бр.41-11351/3 од 14.12.2022г.

### 3.3.2. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ ЗА ИДЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Согласно планската документација, сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи:
- градежните објекти важни за државата;
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите, општините и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштита на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини со послаби бонитетни класи.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој;
- рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација;
- насоките и кретериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатства од

ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштита на животната средина;
- создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

Основни определби на Просторниот план на РМ се:

- Заштита на земјделското земјиште, со стриктно ограничување на трансформација на земјиштето од I II бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Реализација согласно принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.
- Ефикасна инфраструктурна опременост на градовите и околните места - фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото опкружување.
- Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и корисниците на предметниот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Согласно Законот за одбрана (Сл.весник на РМ,бр. 42/01),Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ, бр. 36/04, 49/04, 86/08), Законот за пожарникарство (Сл. Веснок на РМ, бр. 67/04), Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ, бр. 29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл. Весник наРМ бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија. Согласно членовите 13,14,34,35 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04 86/08) потребно е да се реализираат заедничките одредби од глава VIII. Мерките за заштита и спасување , односно членовите 51,53,54 и 61 од Законот.

Основните цели на политиката за заштита и унапредување на животната средина мора да се интегрираат во сите развојни, стратешки и плански програмски документи кои ги донесуваат органите на државата и општината.

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание врз одредени области на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за

живеење и работа. Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 74/05), потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват ОВЖС студија, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спровдување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот;
- Согласно законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води;
- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејсажите во предвидениот простор.

Напомена: Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

## 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА И ВО ОКОЛИНАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Заради дефинирање на целите на заштитата на животната средина во постапката на Стратегиската оцена на Урбанистичкиот план (цели на СОЖС), беше извршен преглед и анализа на карактеристиките на подрачјето карактеристики на локација и тоа: географска положба, релјеф, геолошки карактеристики, климатски и сеизмички карактеристики, население, стопански развој и културно-историско наследство. Посебно внимание е посветено на карактеристиките на животната средина, односно анализа на најосетливите елементи кои би можеле да бидат афектирани од реализацијата на овој плански документ.

### 4.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЦИЈА

#### Географска положба

Според својата положба, Неготино го завзема централното место во Република Македонија, ситуирано на главните комуникациски правци и ја поврзува источна со западна и северна со јужна Македонија, припаѓа на Вардарскиот регион, а според

специфичните природни услови, како посебна природна целина, припаѓа заедно со Кавадарци на Тиквешко-раечкиот микрорегион. Во Тиквешката котлина се наоѓа на источната страна.

Неготинската општина, заземајќи го централниот дел од повардариeто и источниот и југоисточниот дел од Тиквешката котлина, според административно територијалната поделба на Република Македонија од 2004 година се граничи со шест општини и тоа: на север со општина Штип, на исток со општина Конче, на југоисток со Демир Капија, на југ со општина Кавадарци, на запад со општина Росоман и на северозапад со Градско.

Вкупната површина на Општината изнесува околу 414 km$^2$. Во нејзините граници, според постојната административно-територијална поделба на Државата, припаѓаат градот Неготино и 18 населени места: Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Јаношево, Калањево, Криволак, Курија, Липа, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Џидимирци и Шеоба, од кои 4 се раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска висина од 150 m.




Општина Неготино

**Сообраќајна поврзаност**

Според својата местоположба, во централниот дел од Државата, низ општината минува значаен меѓународен коридор (трансферзала север-југ), кој што има одлучувачко влијание во сообраќајното поврзување на Општината со другите општини во Републиката и пошироко со земјите од Европа.

Преку автопатот М-1 општина Неготино е поврзана со другите општини и тоа во правец на југ со Демир Капија, Гевгелија и понатаму со Република Грција, а во правец на север со општините, Росоман, Градско, Велес, Скопје и понатаму со бившите југословенски републики и земјите од Западна Европа.

Преку регионалниот пат Р-107 општината Неготино на исток е поврзана со Штип, Кочани и Благоевград-Р. Бугарија, а на запад со Кавадарци, Прилеп и Битола, каде се издвојува еден крак кон југ кон Р. Грција, а другиот крак води на запад кон Р. Албанија. Преку Р-107 градот Неготино е поврзан со Криволак и Пепелиште.

Постојните локални патишта го поврзуваат градот Неготино со населените места: Паликура, Курија, Тремник и преку Тимјаник со Долни Дисан. Со општините Конопиште и Конче нема директна асфалтна врска.

На територијата на општина Неготино железничкиот сообраќај се обавува на мрежа од отворени железнички линии, станични и индустриски колосеци.

Линијата „Табановце-Скопје-Гевгелија" (213,5 km) која минува низ Општината, покрај магистралниот карактер во рамките на државата едновремено има и маѓународен карактер.

Железничката мрежа располага со неколку железнички станици (патничко-товарни), опремени со претпростор за патници и шалтери: Кукуречни, Криволак, Неготино и Дуброво. Во Неготино АД "Повардарие" има индустриски колосек.




Патна карта за поврзување на Неготино со останатите градови во РМ

**Релјефни карактеристики**

Територијата на општина Неготино, како дел од Тиквешката Котлина, ја карактеризираат многубројни плочести и брановити заравнини, а се простира и на повисоки места и планински терени кои се дел од планинските масиви кои го оградуваат ова подрачје скоро од сите страни.

На север, североисток и исток се Градечка планина, Конечка планина и Слан Дол кои претставуваат делови од комплексната Серта, од југ и југозапад од огранците на Кожуф планина и на запад од просторната езерска зарамнина Витачево.

Најголемите врвови на Серта достигнуваат височина од 1003 m и 1152 m, на Кожув 1727 m, а на висорамнината Витачево 900 m.

**Геолошки карактеристики на теренот**

Општината Неготино припаѓа на Вардарската геотектонска зона. Геолошкиот состав, како резултат на тектонските движења го сочинуваат: алувијалноделувијалните седименти, неогена песоклива серија, неоген бигровит варовник, квартерни песоци, чакал, агломеративен туф, туфови и бречи.

На север и северозапад се јавува песоклива серија, која во поширокиот дел лежи непосредно преку серијата од шарени и зелени глини.

На југозапад, над селата Горни и Долни Дисан, се наоѓаат андезитските туфови, а западно и југозападно од Демир Капија се среќаваат груби конгломерати со варовници.

На исток и југоисток покрај Реката Вардар се наоѓаат глинци и песочници, со глинеста структура.Југоисточната страна на вардарската зона односно пламионското подрачје од источниот преку вардарскиот дел го покриваат териерни и мезозоиски еруптиви.

Од рудни богатства на овој простор од општина Неготино се наоѓа ресурс на јаглен на површина од околу 60 km$^2$.




Типови на водопропустливост и хидрогеолошки карактеристики во РСМ

**Педолошки карактеристики**

Големо влијание врз создавањето на постојните педолошки особини имаат климатските, геолошките и геоморфолошките карактеристики на тлото. Како логична последица произлегува дека педолошкиот покривач има одреден географски распоред на главни типови на земјиште што неминовно дава и зоналност на распостеленост на типови на земјиште. Во низинските делови на Неготинското поле преовладуваат алувијални и делувијални почвени типови. Површината и употребната вредност на овие почвени типови не е многу голема, а се користат за одгледување на житарици и индустриски култури.

Од делувијални почвени типови најзастапена е групата на смолнички делувијални почви. Оваа почва е доста плодна со добар механички состав и на неа се одгледуваат индустриски и градинарски култури. Останатите делови на Неготино се составени од црвеница, минерално-кално-карбонатни почви, песочно глинести и др.

Црвениците, кои спаѓаат во најстарите почви, се користат за одгледување на тутун, а некаде и на лозја. Минерално-кално карбонатните почви најчесто се користат за садење лозја. Наводнувањето на ова подрачје е значаен фактор на продуктивното користење на земјоделското земјиште.

**Сеизмолошки карактеристики на теренот**

Подрачјето на општина Неготино, според сознанијата и резултатите од истражувањата се наоѓа под влијание на надворешни епицентрални жаришта оддалечени околу 100 km. Во рамки на макро-сеизмичката реонизација на територијата на Република

Македонија, а врз основа на истражувањата на локалните и влијанието на оддалечените потреси и релативните параметри дефинирана е горната граница на магнитудата на очекуваните земјотреси како збирен долгорочен максимален интензитет кој во Градот би изнесувал VIII$^{0}$ по МЦС.

Непостоењето на микро-сеизмичка реонизација дава можности за меродавни да се употребат индикаторите за макро-сеизмичката реонизација како неопходни параметри со кои се идентификуваат простори непогодни за градба.

Теренот според инженерско-геолошките карактеристики е претежно стабилен со постојани физичко-механички својства кои не подлежат на битни измени под влијание на надворешните фактори ниту при делување на човекот.

**Хидролошки карактеристики**

Од хидрографски аспект општината Неготино располага со терени на слабо издашни извори. Хидрографската мрежа ја сочинуваат реката Вардар и нејзините притоки.

Реката Вардар е најважен воден тек. Таа е најголема и единствена река, која иако со променлив водостој, никогаш не пресушува. Најголем водостој има на пролет, кога се топат снеговите и во есен кога врнежите се сé почести. Најмала количина на вода има во текот на летните месеци, јули и август.

Во реката Вардар се слеваат следните површински текови: од десната страна се реките Дисанска, Тимјаничка, Курјачка, а од левата страна на реката Вардар се влева Војшаничка река.

Извориштата на реките, кои течат на територијата на општината Неготино, се наѓаат на езерската висорамнина Витачево и планината Кожуф.

Водостојот на сите овие реки покажува големи осцилации. Највисок е водостојот на пролет, додека во летните месеци се намалува, а некои речни корита пресушуваат.

Тимјаничка река која тече низ градот Неготино извира кај населеното место Тимјаник. Во реката Вардар се влива кај железничката станица Неготино. Оваа река во текот на летниот период скоро наполно пресушува, додека во пролетниот период може да дотече и како порој.

Коритото на Тимјаничка река е регулирано во должина од 1500 m, додека останатите реки не се регулирани.

Терените околу Тимјаничка река во градот Неготино имаат висока подземна вода на 1,5 до 2 m, што иницира потреба од дополнителни мерки за нивна заштита.

Според извршените геолошки и други дупчења утврдени се подземни водоносни хоризонтали на околу 1 km јужно од градот Неготино на длабочина од 9,3 m, на запад на околу 1 km на длабочина од 16 m со капацитет од 5 до 15 l/s.




Акумулации во Република Македонија[4]

**Климатски карактеристики**

Областа Тиквеш и Повардарие се наоѓа под влијание на медитеранската клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешката котлина.

Судирот на двете различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики:

- просечна температура на воздухот 13,5 $^0$ C;
- највисока просечна месечна температура во месеците јули и август;
- најниска просечна месечна температура во јануари 1,4 $^0$ C;
- број на мразни денови (под 0 $^0$ C;) околу 58 дена;
- средно траење на мразен период, 112 денови;
- температурна амплитуда -58,6 $^0$ C;
- апсолутна максимална температура 41,8 $^0$ C;
- апсолутна минимална температура од 17,8 $^0$ C.

Должина на траење на сончевиот сјај, осончување, годишно за Средно повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.



Плувиометриските анализи покажуваат дека Општината е лоцирана на мошне сушно подрачје во Р. Македонија со ниски годишни суми на врнежи.

Воздушните струења имаат најголема зачестеност од насоките север и северозапад.




Климатска карта на РМ




Ружа на ветрови

**Користење на земјиштето**

Според податоците за намената на земјиштето во општина Неготино има 32052 ha од кои 22303 ha е земјоделска површина, 1966 ha се шуми и 1966 ha се неплодно земјиште. Од земјоделската површина околу 10 000 ha се пасишта, 12 000 ha се обработливи површини од кои најголем дел се ораници и бавчи со површина од 7 000 ha, околу 4 000 ha лозови насади, а останатото се овоштарници и ливади.

Во структуратата на обработливото земјиште во најголем дел учествуваат површините под ниви (58,3 %), потоа следуваат површините под лозја (33,3 %).

Лозовите насади се најзастапени во атарите на селата Долни Дисан, Тимјаник и Курија. Исто така големи површини на лозови насади има во непосредната околина на градот Неготино.

Почвено-климатските карактеристики имаат поволно влијание за одгледување на сите полјоделски култури – житни, индустриски, градинарски и фуражни, и особено подигање овошни и лозови насади. Обработливите површини, претежно лозја застапени се на просторот на сите населени места, со исклучок на селата Шеоба, Липа, Пештерница, Калањево и Брусник каде што доминираат шумите и пасиштата.

**Стопански развој**

Економскиот просперитет на подрачјето на општина Неготино е неразделно поврзан и во интеракција со одржливиот развој, односно заштитата на животната средина. Во анализата акцентот е ставен на структурата на стопанството и присутноста на стопанските дејности кои битно влијаат врз квалитетот на животната средина. Врз таа основа утврдени се постојните и потенцијални загадувачи и предложени се плански акции и приоритети во превентивно делување и разрешување на еколошките проблеми во општината.

Развојот на општина Неготино се остварува во рамки на општите услови на стопанисување присутни во Република Македонија и спецификите кои што го карактеризираат ова подрачје.

Во овој период нагласени се реформските зафати во сите сфери на општественото живеење какошто се: сопственичка трансформација, афирмација на стоковото производство, намалени се регулативните функции на државата во стопанството, создадени се претпоставките и условите за остварување на процесот на приватизација и преструктуирање на претпријатијата. Со процесот на децентрализација Општината презема улога и во локалниот економски развој, воглавно насочена кон: преземање активности за зголемување на вработувањата, работи на промовирање и стимулирање на локалниот развој, во координација со надлежните институции, работи на обезбедување на дел од услугите во земјоделството, работи на промоција на условите за развој на малите и средни претпријатија (МСП) ги вклучува граѓаните при изработка на стратешки документи кои се од важност за општината, се грижи за развојот на индустријата, за привлекување на инвестиции, презема активности за пристап до разни фондови за поддршка на МСП во општината и регионот.

Пазарните услови на стопанисување, сопственичкото и производствено преструктуирање на постојните претпријатија и подемот на приватното претприемништво и иницијативи резултираат со зголемен број на новорегистрирани прептријатија, со што е остварен пораст на вкупниот број на претпријатијата во сите дејности. Носители на зголемувањето на бројот на стопанските субјекти се приватните фирми, за чие формирање и работење погодуваат новите системски решенија.

Според податоците, добиени од Централниот регистар во 2010 година, во општина Неготино се регистрирани 1206 деловни субјекти од кои 42,8% се претпријатија, 32,0% трговски друштва и 13,0% трговци поединци.
Структурата на деловни субјекти во Општината по дејност покажува дека во секторот на услуги со трговија на големо и мало регистрирани се 260 субјекти или 65%, додека во делот на Шпедицијата 53 или 13,2%. Во делот на туризмот и угостителството регистрирани се 39 субјекти (9,75%) додека остатокот е во делот на финансиските услуги и други видови на услуги. Структурата на субјектите во индустрискито производство покажува дека доминантна улога има прехрамбената индустрија со регистрирани 32 субјекти, односно 50% од индустриското производство, градежната индустрија учествува со 11 субјекти односно 17,18% и текстилната со 8 субјекти односно 12,5%. Останатите субјекти се во делот на дрвната, металопреработувачката, машинската и графичката дејност.
Основното обележје во економијата на општина Неготино е производството на грозје и вино. Неготинската општина е препознатлива по лозарството и производството на квалитетни вина и на Европскиот пазар. На овој простор се произведуваат големи количини на висококвалитетни сорти на грозје и вино.
Најголем производител е Винарската визба „Повардарие”, а голема репутација за квалитет на вината стекнаа и неколку приватни производители како што се на пример и ВВ „Бовин“, „ВВ Пивка“, ВВ „Вардарска долина“, ВВ „Фонко“, ВВ „Ѓорчев“, ВВ „Дудин“, ВВ „Дисан Хилс“, ВВ „Венец-Долни Дисан“, ВВ „Мантев“, ВВ „Шато Ројал“ и др.
Во стопанската структура во Неготинската општина застапено е и сточарството. Покрај индивидуалните домаќинства кои одгледуваат добиток за задоволување на своте потреби, во Општината регистрирани се неколку поголеми сточни фарми и тоа: Дуброво - Фармата за крави во Војшанци која е дел од комбинатот ЗПТП Дуброво, во с. Долни Дисан постои фарма за крави, а постојат и помали сточарски фарми во сите села.

**Туризам**

Општина Неготино се наоѓа во централниот дел на Република Македонија во регионот на средно Повардарие. Фактот дека низ територијата на Општината минува автопатот М-1 (Скопје-Солун), регионалниот пат Р-103 (стариот М-1 Скопје-Гевгелија), регионалниот пат Р-107 (Прилеп-Кавадарци-Неготино-Радовиш) и железничката пруга (Скопје-Солун) претставува одлична можност за развој на туризмот во ова подрачје. Дополнителна погодност за развој на туризмот во општина Неготино е близината на локалитетот Стоби каде во последните години се извршуваат обемни археолошки истражувања. Со тоа се отвора можност овде да започне Винскиот пат кој ќе ги води туристите до градот на виното-Неготино. Во последниве години, винариите од овој регион преземаат низа активности за промоција и афирмација на стопанско туристичката манифестација под мотото „Недела на виното” која е проследена со богата културно-уметничка програма.

Многу важна туристичка инфраструктура во градот претставува „Желкова куќа“ која е реновирана и промовирана во Туристичкиот инфо центар на градот. Градот Неготино располага со скромен туристички капацитет обезбеден од хотелите „Парк“ со капацитет од 100 легла и мотелот “Хавана“ кој располага со 11 соби и 2 апартмани или вкупно 25 легла. Покрај хотелските капацитети градот нуди и сместување во Конаците на Манастирот „Св. Ѓорѓија“ кои се изградени во 19 век.

Општината има можности за развој на планинарскиот, ловниот и риболовниот туризам. Во 2001 година ловечкото друштво „Вардар“ добило под концесија пет ловишта со вкупна површина од 28.000 ha.

Планината Серта со своите прекрасни предели на локалитетите Калањево и Липа нуди одлични можности за развој на планинарскиот туризам.

Како форма за развој на алтернативниот туризам е и постоењето на клубот на олдтајмери од Неготино, кој располага со голем број на стари моторни возила.

Сето ова погоре речено е потенцијал врз чија основа може да се надградуваат темелите на т.н алтернативен туризам.

**Хидротехничка инфраструктура**

***<u>Водоснабдување</u>***

За обезбедувањето на хигиенски здрава и исправна вода за санитарни, комунални и други потреби се користи изворот „Лукар”, кој воедно служи и за водоснабдување на градот Кавадарци. Освен градот Неготино, од централниот водоводен систем „Лукар” со вода за пиење се снабдуваат и три населени места: Криволак, Тимјаник и Дуброво.

Со постојната водоводна мрежа се снабдуваат сите постојни објекти во градот, но поради зголемениот број на жители и зголемениот животен стандард на населението, се јавува недостиг од вода за пиење и за други санитарни потреби, заради што локалната самоуправа предлага други технички решенија за обезбедување доволни количества на вода (Проект „Дошница”).

Вкупната должина на изградената водоводна мрежа изнесува околу 45 km. На оваа мрежа врзани се 12-13 подземни пожарни хидранти.

Начинот на снабдување со санитарна и со технолошка вода е даден поединечно по објекти:

- Фабриката за кабли се снабдува со вода од сопствен бунар и од градскиот водоводен систем „Лукар”;
- Термоцентралата се снабдуваат со технолошка вода од подземен бунар, а со санитарна вода од градскиод водовод;
- „Ролопласт” има изведено сопствен бунар;
- Фабриката за градежни материјали има изведено сопствен бунар, приклучена на градскиот водовод;

- АД „Повардарие”-Винарската визба се снабдуваат комбинирано од градскиот водовод и од сопствен бунар;
- АД „Македонија” има сопствен бунар;
- Живинарската фарма има сопствен бунар;
- АД „Јадран” се снабдува од градски водовод за санитарна вода;
- АРМ - Криволак се снабдува од градскиот санитарен водовод;
- „Фабрика за кабли“, стар погон се снабдува од градски водовод за санитарна вода;
- Спортската сала се снабдува комбинирано-санитарна вода од градскиот водовод, а за поливање на зеленилото од градскиот водовод за наводнување;
- ГП „Гранит” се снабдува од градскиот водовод за санитарна вода.

Наводнувањето на земјоделските површини во општина Неготино го врши Водостопанство „Тиквеш“ чија што инфраструктура е прикажана на следната слика.




***Фекална канализација***

Одведувањето на фекалните и отпадните води од домаќинствата и другите потрошувачи во градот Неготино се врши преку засебна каналска мрежа од затворен тип-сепаратен систем.

Со фекална канализациона мрежа опфатени се сите постојни објекти во градското

подрачје. Главни собирни канали (колектори) се изведени по левата и десната страна на Неготинска река и по ул. „Маршал Тито". Испуштањето на фекалната и отпадната вода од колекторите се врши директно во Неготинска Река (под хотел „Парк") без било какво претходно механичко и биолошко пречистување. Секундарната каналска мрежа е трасирана по постојните улици, користејќи ги природните падови. На тој начин одведувањето на овие води се врши гравитационо, без употреба на пумпни станици.

Постојната фекална канализација е во должина од 45 km, изработена од азбестно-цементни цевки и истата треба да се надоградува со новите површини на урбан опфат.

Во останатите населени места кои припаѓаат на општина Неготино фекална канализација не е изведена. Во населените места Тимјаник, Криволак, Пепелиште и Војшанци фекалната канализација е делумно изградена додека во тек е изградба во населеното место Тремник.

***Атмосферска канализација***

За одведување на атмосферските води од кровoвите, улиците и другите површини има изградено делумна атмосферска канализација која покрива околу 50% од градот. Лоцирана е на критичните места кои подлежат на штетните влијанија на атмосферските води.

Со регулирање на водотеците кои минуваат низ градот, создадена е можност за испуштање на атмосферските канали директно во нив, со што е избегнато формирањето на големи долги и скапи канали за собирање и одведување на атмосферските води. Главен реципиент за примање на овие води е регулираното корито на реката Вардар, како и регулираниот порој „Маренски уши" и некои други регулирани порои од помал обем.

Вкупната должина на изградената атмосферска канализација во Неготино изнесува околу 20 km.

Со оглед на малата површинска застапеност на градското подрачје во која атмосферските води безбедно се сливаат преку каналската мрежа, постои потреба од нејзина доградба на целото градско подрачје во наредниот плански период.

***Регулација на водотеци***

За заштита од поројните води кои го загрозуваат Градот извршена е регулација на неколку водотеци кои нанесуваат големи материјални штети на објектите и инфраструктурата.

Во Неготино постојат следните регулирани порои:

- Неготинска река-изведена е регулација од вливот во градското подрачје до потезот на старата фабрика за кабли;
- Поројот „Маренски уши" е регулиран од влезот во градското подрачје до вливот во Неготинска река со траса по улицата „Маршал Тито";
- Регулиран порој „Антигона I" во должина од 250 m и се влева во регулираниот порој „Маренски уши";
- Поројот „Антигона II" во должина од околу 160 m со влив во регулираниот

порој
„Маренски уши”;

- Регулиран порој „Брестин дол” комбинирано корито отворен и делумно затворен тип со должина од 250 m. Се влива во Неготинска река;
- Покрај кафе ресторанот „Антигона” постои регулиран порој од затворен тип со влив во Неготинска река во должина од околу 330 m.

**Енергетска мрежа**

Напојувањето со електрична енергија на конзумното подрачје на општина Неготино се врши од електро-енергетскиот ситем на Р. Македонија. Постојни главни напојни точки се:

1. TS 110/35/20/10 kV „Неготино” со снага на енергетски трансформатори: на 110 kV-1x20 MVA и на 35 kV-1x8MVA. Истата е поврзана со 110 kV воздушен далековод од TS „Дубрава”, 380/110 kV-еднострана како крајна и од TS
„Неготино” 35/10 kV со 35 kV кабловска врска со кабел HNR-48-3(1x150 $mm^2$), 35 kV;
2. Втората напојна точка е TS 35/10 kV. Истата се напојува од TS 110/35 kV
„Кавадарци”-електро-пренос со воздушен далековод со пресек на Ал-челично јаже 95 $mm^2$.

Средното напонско напојување на трансформаторските станици во градското подрачје се врши од двете трафостаници. Во моментов постојат 26 трансформаторски станици со различни снаги на енергетски трансформатори од 160 kV до 630 kVA.

Во моментов средно напонската мрежа е изведена со 10 kV каблови и 20 kV каблови, а дел од постојните се опремени за напонско подрачје од 20 kV.

Планските предвидувања за средно напонската градска мрежа да проработи на 20 kV се уште не се реализирани и тоа претставува пречка во развојот на мрежата, опремата и комплетирањето на главните трафостаници.

Дистрибутивното претпријатие во Неготино потребно е да го дефинира понатамошниот развој на среднонапонската мрежа и опрема во трафостаниците со цел да се унифицира системот. Сегашната состојба ја усложнува и поскапува опремата што се вградува во TS 100/35/20 kV и во останатите дистрибутивни трафостаници.

Како насока и планска акција во дистрибутивниот систем се препорачува постоење на типски дистрибутивни трафостаници во кои ќе може да се вградат енергетски трансформатори со снага до 630 kVA.

Сите постојни трафостаници се задржуваат за наредниот период, но останува потребата да се интервенира како во градежниот така и во електро-енергетскиот дел.

Напојувањето на постојната индустриска зона и на нови капацитети кои ќе се отвараат во наредниот период, ќе се третира во соработка со стручните тимови од производните субјекти во согласност со нивните развојни програми.

Со планските урбанистички документи постојната локација на ТС „Неготино” 110 kV се задржува, додека за постојната трафостаница TS „Неготино” 35/10 kV се обезбедува простор на истата локација за да може да прерасне во TS 110 kV.
Се предлага како планска активност напојувањето на главните трафостаници да биде двострано 110 kV напојување со втората можна напојна точка TS 110 kV „Кавадарци”- ”Електро-пренос”.
Среднонапонската мрежа во градското јадро планирано е комплетно да се изведе кабловски со 10 kV каблови.
Општина Неготино во листата на приоритетни проекти за рурален развој има одобрен проект за изработка на физибилити студија за утврдување на потенцијалите на регионот за искористување на обновливи извори на енергија. Проектот е поднесен во Бирото за регионален развој.

**Управување со отпад**

За општина Неготино, со оглед на стопанската структура, значајно влијание врз количината на отпадот покрај индустријата имаат земјоделието и сточарството, кои создаваат органски отпад.
Управувањето со отпадот во град Неготино е во надлежност на ЈП „Комуналец” основано во 1957 година од Неготино кој врши собирање и транспортирање на комуналниот отпад, одржувањето на јавната чистота и третманот на комуналниот отпад, како и ракување и одржувањето на местата за селективно собирање на отпадот.
Во моментот, услугите на ЈП „Комуналец“ ги добива само градот Неготино, но не и останатите приградски населби што претставува проблем кој треба во иднина да се решава.
Отстранувањето на отпадот што е производ на животните и работни активности на лето, како и од работата на индустриските капацитети е еден од најсериозните проблеми во општината, од причина што се отстранува на депонијата во место викано Бучето кое е оддалечено на 6 km од градот и е од времен карактер и не ги задоволува соодветните санитарни стандарди и прописи. Истата локација е одобрена за определување на депонии за времено депонирање на комунален и технолошки отпад на подрачјето на општина Неготино.
Општина Неготино нема назначено локација за депонирање на шут и инертен отпад, но презема активности за расчистување на дивите депонии или нерегуларното отстранување на цврст отпад кои се наоѓаат во периферните делови од градот.
Примарното селектирање на отпадот во град Неготино се врши на пластика со поставување на метални мрежести контејнери на најфреквентните места во градот од каде ЈП „Комуналец“ врши собирање еднаш неделно и доставува до фирма која е регистрирана за откуп на пластика.
Собирање и откуп на старо железо врши фирма која има лиценца за постапување со ваков тип на отпад и за таа намена има регистрирано локација за откуп на овој отпад.
Поради габаритноста на отпадот од хартија и картон, овој тип на отпад задава

најмногу проблеми при негово собирање од причина што зафаќаат најголем простор и честопати доаѓа до реакции од граѓаните за преполнетост на контејнерите.

Состојбата со опасниот отпад во општината е идентична како и во други општини во Република Македонија каде што поради немање на регулиран пристап кон управувањето на овој тип на отпад (батерии, акумулатори, отпадни масла итн.) честопати завршува на градска депонија. Околу 0,2% од вкупниот отпад може да се класифицира како опасен отпад или вкупно 10 тони.

## 4.3. СЕГАШНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Со цел да се насочи планскиот развој кон реално, економски издржано и еколошко квалитетно решение во однос на карактерот и намената на просторот, системот на градби и стандарди, сообраќајот и структурата потребно е да се реализираат целите на планскиот документ. За таа цел најпрвин треба да се скенираат постоечките проблеми кои се однесуваат во и околу планскиот опфат. Во случајот таквите проблеми се однесуваат на следното:

- ***Неконтролиран урбан развој и појава на пренаселеност во општината***. Предмет и главни цели е да изврши изготвување на соодветна планска документација со почитување на законските прописи, стандарди и нормативи при планирањето на изградбата. Индикатор за одредување на ваквата состојба е процентот на изградени инфраструктурни објекти и бројот на издадени дозволи за секоја градежна парцела.
- ***Измена на струкурата на пределите и нивниот еколошки квалитет***.Предмет и главни цели е да се изградат објект за домување на земјиште кое не се карактеризира со особени природни вредности.
- ***Трајна пренамена на квалитетно земјоделско земјиште***.Предмет и главни цели е да ги користи рационално земјоделските површини, да врши намена на површините по класи и да го утврдува бонитетот на земјиштето.
- ***Неконтролирана урбана градба и појава на дивоградби.*** Предмет и главни цели е да изготвува планска документација со почитување на законските прописи, стандарди и нормативи.

# Анализа на сегашни проблеми со животната средина во  и околу планскиот опфат

**Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат**

| Елементи на Стратегиска оцена на животната средина | Проблем | Релевантно за планскиот опфат |
|---|---|---|
| **Воздух** | Невклученост на општината во државната мониторинг мрежа на МЖСПП за мерења на квалитет на возух | ✓ |
| **Отпад** | Не постоење на Интегриран концепт за управување со отпад | ✓ |
| | Делумно постоење на процес на селектирање на различните видови на отпад | ✓ |
| | Не постоење на стандардизирана депонија | ✓ |
| | Не постоење на Центар за управување со цврст отпад | ✓ |
| **Климатски фактори** | Недоволно користење на обновливи извори на енергија | ✓ |
| **Пејсажни карактеристики** | Визуелно нарушување при изградба на нови објекти | ✓ |

## 5. ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Крајна цел на Урбанистичкиот план е да се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела како и уредување и користење на просторот во парцелата. Поединечни цели на документот се:

- рационално користење на земјиштето
- максимално вклопување на инфраструктурата и градбите во околината
- оформување препознатлива амбиентална целина
- почитување и надградување на пејзажните вредности
- оформување културен пејзаж
- почитување и валоризација на културното и градителско наследство
- вградување мерки за заштита на животната средина и природното наследство
- вградување мерки за заштита и спасување
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето.

## 6. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Ова поглавје се однесува на развојот во рамките на планскиот опфат без имплементација на изработената планска документација. Таканареченото сценарио или состојба без имплементација на планскиот документ е неизбежна опција што треба да се разгледа при секоја стратегиска оценка чија цел е да обезбеди основа со која што понатаму треба да се споредат сите бенефити или слабости од (не) имплементацијата на планскиот документ. Поширокото подрачје/регионот во кој се наоѓа планскиот опфат има посебни квалитет од национална и светска важност, екосистем со врвни природни вредности, кои допринесуваат кон поголем развој на туризмот како движечка економска компонента за подрачјето.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ односно продолжување на моменталната состојба онаква каква што е сега.

Влијанијата од состојбата без имплементација на планскиот документ во рамките на планскиот опфат може да се поделат во три групи:

- **Економски влијанија**
- Отсуство на инвестиции во нови бизниси, кое што ќе резултира со слаб локален економски развој;
- Ограничен инфраструктурен развој на општината;
- Успорување на економскиот развој на територијата на планскиот опфат;
- Намалени буџетски приходи.
- **Социјални влијанија**
- Немање на доволно работни места и зголемување на бројот на невработени луѓе;
- Иселување на младите луѓе во други градови или надвор од Македонија поради немање работа .
- **Влијанија врз животната средина**

- Отсуство на рационално користење на земјиштето и оформување на амбиентна целина.

Вообичаено при Стратешката оцена на животната средина од реализацијата на одредени плански или стратешки документи се разгледува опција „без да се спроведе" („Do nothing option") планска активност, односно работите да останат онака како што се.
Во конкретниот случај доколку истиот не се донесе и не се спроведе, се очекува да продолжат следните трендови:

- Може да дојде до узурпација на просторот со дивоградби, како и други непластки и некомпатибилни содржини, кои може да бидат пречка во идната урбанизација на просторот;
- Потреба од локација за изградба на индустриски комплекс за лесна и незагадувачка индустрија;
- Намалена можност за активирање на невработеното работоспособно население;
- Помалку приходи од даноци и комунални такси во буџетот на Општината;
- Од аспект на животна средина доколку не дојде до имплементација на планот ќе остане сегашната состојба на медиумите без дополнителни емисии од новите индустриски капацитети;
- локацијата и понатаму ќе остане земјоделско обработливо земјиште.
- нема да се генерираат нови емисии во медиумите од животната средина кои може дополнително да влијаат врз здравјето на населението и земјоделските култури, односно квалитетот на животната средина ќе остане на досегашното ниво;
- нема да се отворат нови работни места и разгледувано од социоекономски аспект ќе продолжи трендот на невработеност, сиромаштија, миграција и сл.

***Алтернатива I Изградба на енергетски комплекс во рамките на предвидениот плански опфат***

Имплементацијата на предложениот плански документ, на предвидената локација се покажува поприфатлива во однос на разгледуваната варијатна „do nothing scenario" од повеќе аспекти:

- Планскиот опфат не е во конфликт со планови од повисоко ниво;
- Планскиот опфат не се наоѓа во заштитено подрачје;
- Урбанизација на просторот што отвара можности на општината за привлекување на инвестиции;
- Добра сообраќајна поврзаност;
- Зголемена можност за вработување на локалното население;
- Зголемени приходи во општинскиот буџет и голем допринос во стопанскиот развој на Општината.

# 7. ВРСКА И УСОГЛАСЕНОТ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес, кој се обезбедува со изработка, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Еден од најголемите предизвици на политиката на животната средина е остварувањето на оптимален баланс меѓу економската, социјалната и еколошката димензија на развојот, со што се обезбедува реално оправдан и одржлив развој.

Како план од повисоко ниво се зема Просторниот План на РСМ, а како влезни параметри ќе бидат земени исклучиво заклучните согледувања од Условите за планирање на просторот, мислењата и согласностите од релевантните надлежни министерства и институции, како и насоките и целите од стратешките документи донесени на ниво на општина или држава.

Планската документација ќе биде во корелација со локалните, националните и меѓународни документи со цел да бидат постигнати нивните цели и барања.

| **Планови и стратегии на локално ниво** |
| --- |
| **Програма за развој на Вардарскиот плански регион** |
| **Локален акционен план за животна средина на општина Неготино** |
| **Стратегија за Локален развој на општина Неготино** |

| **Национални планови, програми и стратегии** |
| --- |
| **Просторен План на РМ** |
| **Водостопанска основа на РМ** |
| **Планска Програма за изградба на 100 винарии на земјиште на РМ, I фаза** |
| **Нацрт Стратегија за лозарство и винарство** |
| **Национална Програма за земјоделство и рурален развој** |
| **Стратегија за води на Република Македонија (нацрт верзија)** |
| **Стратегија за управување со отпад во Република Македонија** |
| **Национален План за управување со отпад** |
| **Стратегија за енергетска ефикасност** |

| **Меѓународна политика** |
| --- |
| **Рамковна Директива за вода (2000/60 /ЕС)** |
| **Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС)** |

| |
|---|
| **Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)** |
| **Рамковна директива за бучава (2002/49/ЕС)** |
| **Директива за стратегиска оценка на животна средина (2001/42/ЕС)** |
| **Директива за енергетски перформанси во градењето, Јануари 2003** |
| **ЕУ Шестиот Акционен План за животна средина** |
| **Директивата на Советот 96/61/ЕС од 24.09.1996 година за интегрирана контрола и превенција од загадување** |

## 8. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирање на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата вредност и значење.
Република С. Македонија со цел заштита на животната средина има направено голем исчекор преку донесување на низа закони и подзаконски акти, кои се во согласност со Европските Директиви и голем дел од нив се транспонирани во националното законодавство од областа на животната средина.
Во Законот за животна средина се транспонирани обрските за заштита на животна средина усогласени со ЕУ Директивите, а кои се однесуваат на (Оценка на влијанијата на проектите врз животната средина, Стратегиска оценка на влијанието на планските документи врз животната средина, Интегрираното спречување и контрола на загадувањето), истите во голем дел се усогласени со техничките барања на ЕУ Директивите преку донесени значителен број на подзаконски акти.
При подготовката на извештајот за стратегиска оцена за урбанистичкиот план беа земени во предвид сите важечки законски прописи и стручна литература релевантна за оваа област. Исто така беше направена и анализа за одредување на целите на заштита на животната средина содржан и во планските документи донесени на локално ниво.

### 8.1. ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРЕДМЕТНИОТ ОПФАТ

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно кои се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај се:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни индустриски води од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

## 8.2. ЦЕЛИ НА СОЖС

| ЦЕЛИ | ПРЕДМЕТ | СОЖС ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|
| - **Подобрување на квалитетот на живот на локалното население,**<br>- **Подобрување на здравјето на луѓето**<br>- **Зголемување на животниот стандард** | Сите медиуми на животната средина<br>Население | • Измерени вредности за емисии во медиумите на животната средина,<br>• Намалени психо-физички заболувања на населението, како резултат на нарушен квалитет на животната средина,<br>• Зголемен животен век<br>• Зголемена стапка на вработеност<br>• Намалена миграција<br>• Намален број на жители кои што живеат во сиромаштија |
| - **Подобрување на квалитетот на воздухот**<br>- **Намалување на емисиите на штетните гасови** | Квалитет на воздухот<br>Климатски фактори | • Концентрација на измерените вредности во границите на МДК<br>• Непроменетата состојба на квалитет на амбиентен воздух во однос на измерените концентрации на амбиентен воздух мерени во претходната постојна состојба<br>• Број на објекти кои користат алтернативните извори на енергија<br>• Број на вработени кои користат јавниот транспорт |
| - **Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата** | Површински води | • Квалитет според хемиски и микро-биолошки анализи на третирана отпадна вода<br>• Квалитет на подземните води во рамките |

| | | |
|---|---|---|
| | Подземни води<br><br>Квалитет на почва | на МДК<br>• Подобрена ефикасност во употреба на водата<br>• Количина на отпад кој е одложен на депонија |
| - **Заштита и унапредување на биодиверзитетот**<br><br>- **Заштита на природното богатство** | Флора, фауна<br><br>Природни живеалишта | • Процент на зачувани живеалишта и видови |
| - **Соодветно управување со отпадот** | Управување со отпад<br><br>Квалитет на почва<br><br>Квалитет на површински и подземни води | • Намален процент на генериран отпад<br><br>• Зголемен процент на рециклиран и повторно употребен комунален отпад |
| - **Минимизирање на појавите на несреќи и хаварии** | Сите медиуми од животната средина | - Намален или елиминиран ризик од несреќи и хаварии |

## 9. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина ги зема во предвид влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина од имплементација на урбанистичка планска документација, во поширок обем, глобално и кумулативно; пред изградба на поединечните проекти/објекти, кои влегуваат во состав на планскиот опфат, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативна фаза, согласно глава XI - Барања за изработка на Оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти, член 24 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007 и 159/2008).
Врз основа на извршените анализи на веројатните влијанија при имплементација на планскиот документ утврдени се влијанијата кои позитивно се рефлектираат врз социо-економската состојба на населението, како и оние кои предизвикуваат негативни ефекти врз медиумите и областите на животната средина. Анализата подразбира разгледување на влијанијата на планскиот документ како целина и во поширок обем, од глобален, стратегиски аспект, без при тоа, да се разгледуваат поединечните проектни содржини опфатени со планскиот документ. Со имплементацијата на планска документација, се очекуваат позитивни влијанија врз социо-економскиот развој на општината и пошироко, како што е подобрување на бизнис климата, развој на комерцијални, трговски и угостителски дејности, зголемување на нивото на животен стандард и др., користејќи ги притоа предностите што ги нуди местоположбата на градежната парцела со намена домување и добрите комуникациски врски.
Реализација на планската документација би предизвикала позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нови инвестициони вложувања.
Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат од имплементација на Урбанистички план може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, пределот, културното наследство, луѓето, како и влијанијата врз социо-економските прилики во општина Неготино, но од глобален аспект.

### 9.1. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО

Со имплементација на планскиот документ се очекуваат позитивни долгорочни влијанија врз демографскиот развој на населението од околината.Урбанизацијата на просторот ќе доведе до зголемување на нивото на животен стандард. Во прилог на заштитата на животата средина и човековото здравје одат и предвидените плански решенија во смисла на обезбедување на зеленило и богато хортикултурно уредување на градежната парцела и сообраќајниците во рамки на истата.

Разгледувано од социо економски аспект имплементацијата на овој плански документ се очекува да има позитивни и негативни влијанија врз населението во општина Неготино.
Позитивните влијанија од имплементација на планот ќе произлезат од фактот што ќе се отворат можности за нови вработувања и ангажирања на локалното население, услови за хумано и урбано користење на просторот, како и можност за привлекување на инвеститори и инвестиции, ќе се создаде подобра бизнис клима, зголемување на животниот стандард и можност за намалување на миграцијата.
Активирањето на овој простор ќе овозможи вработувања и развој на повеќе дејности кои ќе продуцираат економски ефекти од останатите дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, занаетчиството, јавните функции и др. Имплементацијата на Планот позитивно ќе влијае и врз приходите во општинскиот буџет, како резултат на даноци и комунални такси од страна на корисниците на просторот.
Вклучувањето на работоспособното население во реализација на планските содржини значи пораст на животниот стандард и подобрување на социо-економска клима.

## 9.2. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ

Во текот на изградбата на објектите предвидени со оваа планска документација, се очекуваат времени и локални влијанија во смисла на директни афектирања врз човековото здравје, како резултат на појавата на бучава, вибрации, емисии во воздухот од возилата, прашина итн.

Неправилното управување со емисии во водата, емисии во воздухот, почвата, генерирањето на бучава, како и несоодветно управување со отпад, кои може да влијаат на здравјето на населението.

Емисиите во воздух, во вода и управувањето со отпад можат да влијаат врз квалитетот и квантитетот на приносот на лозовите насади и другите култури во опкружувањето на планскиот опфат.

Емисии врз здравјето на населението се очекуваат и доколку неправилно се управува со отпадните технолошки води од планскиот опфат.
Влијанијата врз здравјето на населението од конкретниот плански опфат се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено значење. Подетална анализа за влијанијата врз животната средина и здравјето на населението, кои ќе потекнуваат од работењето на индустрискиот комплекс, ќе се направи на ниво на проекти.
Можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површински и подземни води и воздух) ќе се сведе на минимум, а со самото тоа и можноста за загрозување на човековото здравје.

## 9.3. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Со имплементација на планскиот документ не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и промена на климатските фактори од работата на планираните деловните субјекти-заради видот и природата на нивната основна дејност.

Изградбата на енергетскиот комплекс може да има дополнителни влијанија врз квалитетот на воздухот, покрај постоечките емисиите во воздухот кои потекнуваат од моторите со внатрешно согорување при движење на возилата по магистралниот и регионалниот пат.

Емисии во воздухот може да се очекуваат и од употребата на енергенси, фугитивни емисии, од возила за транспортот на вработените, дотур на суровини и испорака на производите.

Дел од овие извори на емисии се стакленички гасови, но се очекува истите да бидат со минимални концентрации и да имаат незначителен придонес во националните годишни емисии како резултат на предвидените мерки за управување со емисиите во воздух.
Зголемувањето на фреквентноста на возила во самиот плански опфат, претставува потенцијална можност за нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух. Сепак, предвидено е зеленило со задоволителен процент, можност за зелени појаси и богато хортикултурно уредување во рамки на парцела, што претставува основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во поширокото подрачје или да доведе до климатски промени.

## 9.4. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ

Од имплементација на Планот ќе се генерираат санитарни, технолошки и атмосферски отпадни води. Несоодветно управување со отпадните води, може да резултира со негативни влијанија врз квалитативните и квантитативните карактеристики на водите и квалитетот на почвите.

Неправилното управување со отпад, хемикалии, масла, масти, горива и сл. може да предизвика нарушување на квалитетот на површинските и подземните води, а исто така да го загрозат квалитетот на околното земјоделско земјиште. Влијание врз квалитетот на водите може да настане како резултат на неправилно управување со отпадот.

Со отпадните фекални води кои се предвидува ќе бидат незначителни и ќе се управува соодветно. На овој начин се елиминираат можните влинијата од испуштање на отпадни фекални води. Можни се влијанија врз квалитетот на водата во каналот за наводнување и одводнуваање на земјоделското земјиште, во кој се предвидува испуштање на дел од атмосферските води на планскиот опфат. Емисии во водите

може да се очекува и од генерирањето на отпадни технолошки води од планскиот отпад. Соодветното управување со отпадните води, значи избегнување на нарушувањето на квалитетот на површинските и подземните води што е од особена важност поради присуството на земјоделско земјиште во опкружувањето, реката Вардар, која е реципиент на отпадните води од регионот и биолошката развновидност во овие медиуми на животната средина.
Планските решенија за комуналната инфраструктура и одведувањето на фекалните и атмосферски води од планскиот опфат нема да дозволат истите неконтролирано да се испуштаат во непосредната околина.

Иако неправилното управување со отпадот, може да доведе до нарушување на квалитетот на подземните и површинските води не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води

## 9.5. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА

При изработка на планскиот документ и анализите за природата и употреба на земјиштето кое се наоѓа во планскиот опфат ќе се оствари рационално користење на земјиштето преку неговата пренамена, кое ќе ефектуира со веќе споменатите бенефити.
Не се очекуваат значителни негативни влијанија врз почвата како резултат на имплементација на планската документација, имајќи ги предвид добро компонираните плански решенија за комуналната инфраструктура од аспект на соодветно управување со отпадните води и отпадот генериран рамките на планскиот опфат. Идендификуваните потенцијални извори на емисии во воздухот, водата, генерирањето на отпад, може да предизвикаат негативни влијанија врз квалитетот на почвата, доколку не се применат најдобрите достапни практики за работа на енергетскиот комплекс.

Исто така неправилно ракување и складирање на суровини, помошни материјали, масла и масти, горива и сл може да предизвика негативни влијанија врз квалитетот на почвата.

Од имплементација на планот можни се влијанија врз квалитетот на почвата, како резултат на предвидениот начин за управување со отпадните води, емисиите во воздух и управувањето со генерираниот отпад.
Влијанијата врз почвата, предизвикани од имплементацијата на Планот, се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено значење.
Индиректното негативно влијание врз квалитетот на почвата од планираните капацитети се проценуваат како не многу значајни, со оглед на предвидените мерки за намалување на влијанието врз почвата.

## 9.6. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ И ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО

Реализацијата на планираните функции во планскиот опфат ќе имаат влијание врз

промена на визуелните пределските карактеристики, затоа што се работи за плански опфат на релативно голема површина и пред се заради фактот што поголем дел од планскиот опфат е земјоделско земјиште. Енергетскиот комплекс во планскиот опфат ќе ги промени постојните пределски карактеристики.

Влијанијата врз пределот се оценуваат можни негативни влијанија со неодредено значење.

## 9.7. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во рамките на планскиот опфат не е евидентирано културно наследство и затоа влијанија врз културното наследство се оценуваат како неутрални.

## 9.8. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Во согласност Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија („Сл. весник на РМ“, бр.39/04) на просторот којштo е предмет на изработка нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство

Имплементацијата на планскиот документ може да предизвика негативни влијанија врз биолошката разновидност на предметната локација, ако се земат предвид идните активности, кои може да бидат потенцијални извори на емисии во воздухот, водата и почвата, неправилното управување со отпад, бучавата и др.

Од имплементација на планскиот документ се очекуваат влијанија врз биолошката разновидност, како резултат на човековото присуство, зголеменото ниво на бучава, изведбата на градежните работи на локацијата и др. Сите наведени активности ќе предизвикаат вознемирување на животинскиот свет, особено на локалните видови птици, загуба на видови, деградација на живеалишта, вознемирување, раселување и сл.

Влијанијата врз биолошката разновидност се оценуваат како можни негативни влијанија со неодредено значење.

## 9.9. ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА

Со реализацијата на овој плански документ можни се негативни влијанија врз животната средина предизвикани од зголемена бучава, особено во периодот на изградба. Истовремено, извор на бучава главно ќе биде зголемената фреквенција на моторни возила во реонот што произлегува од самата местоположба на планскиот опфат.

## 9.10. ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАДОТ

Комерцијалниот отпад кој ќе биде застапен според природата на дејностите кои ќе се одвиваат во планскиот опфат се очекува да биде третиран од страна на овластени фирми. Не се очекуваат значајни влијанија од овој вид отпад.

| Вид на отпад | Бр. од листа на отпади | Начин на постапување | Назив на правно лице кое постапува со отпадот |
|---|---|---|---|
| Отпад од кршење и сечење на камен | 01 04 13 | Привремено складирање | Комунално претпријатие |
| Комунален отпад | 20 03 01 | Привремено складирање | Комунално претпријатие |
| Отпад од градежен шут | 17 09 04 | Привремено складирање | Комунално претпријатие |
| Кабли (бакарна жица и сл) | 17 04 11 | Привремено складирање | Лиценцирана фирма |
| Отпад од електрична и електронска опрема | 16 02 16 | Привремено складирање | Лиценцирана фирма |
| Мазут и дизел гориво | 13 07 01 | Привремено складирање | Лиценцирана фирма |
| Бензин | 13 07 02 | Привремено складирање | Лиценцирана фирма |
| Отпадни моторни масла и масла за подмачкување | 13 02 08 | Селектирање и складирање | Лиценцирана фирма |
| Земја и камења што не содржат опасни супстании | 17 05 04 | Искористување при изградба на улицата | Инвеститорот |
| Ископана земја што не содржи опасни супстанции | 17 05 06 | Искористување при изградба на улицате | Инвеститорот |
| Мешани материјали од градење | 17 09 04 | Привремено складирање | Комунално претпријатие |

Доколку отпадот уредно ќе се селектира и собира во контејнери, а после тоа и организирано се транспортира на депонија се очекува влијанијата од генерирањето на отпад да бидат сведени на минимум. Се препорачува испитување на можноста за искористување на отпадот како секундарна суровина или негово одложување до капацитети каде ќе може да се искористува неговиот енергетски потенцијал.

## 10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Примена и планирање на мерки за намалување на негативните влијанија врз животната средина допринесува до намалување и неутрализирање на овие влијанија.За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Интегрирано управување со отпадот;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Искористување на соларна енергија, преку имплементирање на концептот неограничен извор на енергија;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на зеленило покрај објектите. Изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување

### 10.1. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО

Спроведувањето на планскиот документ се очекува позитивно да влијае врз демографскиот развој на населението во околината. Со изградбата на овој енергетски комплекс ќе се ублажи состојбата од социоекономски аспект, поради фактот за потенцијални вработувања за време на изградбата како и за време на оперативната фаза, како и позитивно влијание на здравјето на локалното население. Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба, затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

Меѓутоа, со цел да се избегнат евентуалните проблеми кои може да настанат во иднина, односно енергетски комплекс да влијае врз продуктивноста на земјоделското земјиште, приностот и квалитетот на земјоделските производи, евентуално здравјето на населението.

### 10.2. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ

Примената на сите предложени мерки, дадени во сите фази на планирање и изведба на објектите, примена на современи решенија при имплементирање на планските содржини, имплементација на мерки за заштита од несреќи, хаварии и ризици ќе

овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето.

За избегнување на влијанијата врз здравјето на населението, се препорачува особено внимание да се посвети на управувањето со отпадните води, емисиите во воздухот, отпадот, бучавата.

За избегнување на влијанијата од бучава се препорачува уште во фазата на градба на објектите да се применат сите неопходни мерки за намалување на бучавата, како што се избор на соодветни изолациони материјали, заштитно зеленило, и сл. Заради тоа, на ниво на проект, ќе се бара од изведувачите на работите да применат добра градежна пракса и да поседуваат сертификат ISO 14001.
Интегралната реализација на предложените мерки е во насока на намалување на можните негативни влијанија врз животната средина, кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Доследно спроведување на планските решенија за сообраќајната, комуналната инфраструктура и останато ќе бидат доволна гаранција за директна заштита на човековото здравје. Имено, со овие решенија можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површинските и подземните води и воздухот) ќе се сведе на минимум, а со самото тоа и можноста за загрозување на човековото здравје.

## 10.3. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени предизвикани од емисијата на издувни гасови од зголемената фреквенција на возилата, генерално се однесуваат на употребата на еколошки горива кои се приоритет на Република Северна Македонија. На тој начин ќе се избегнат негативните влијанија предизвикани од овој начин на загадување на воздухот. Во планските решенија донесени се решенија за формирање на заштитен зелен појас и хортикултурно уредување на планскиот опфат. Исто така за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух и климатските промени, се препорачува примена на природниот гас во улога на енергенс и користење на алтернативни извори на енергија (пример: сончеви колектори). Мерките за намалување на влијанијата, врз квалитетот на воздухот и климатските промени кои може да произлезат од имплементација на планскиот документ се:

- Елиминирање или редуцирање на употребата на фосилни горива како енергенс;
- Употреба на енергенси добиени од обновливи извори на енергија;
- Примена на современи технолошки решенија и најдобри достапни техники (НДТ) при планирање и изградба на енергетскиот комплекс;
- Третман на емисиите во воздух и контрола на емитерите;

- Примена на мерки за енергетска ефикасност;
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси.

Други мерки за спречување и контрола на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух се очекува да произлезат со подетална анализа на влијанијата која ќе произлезе од Студиите за оцена на влијанието врз животната средина, елаборатите за заштита на животната средина кои се подготвуваат на ниво на проект. Неопходно е доследно применување на мерките кои ќе произлезат од овие документи од страна на операторите на комплексот, односно соодветна контрола и мониторинг над нивната имплементација од страна на надлежниот орган.

## 10.4. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ

За намалување на влијанијата врз квалитетот на водите, кои може да произлезат од имплементација на планскиот документ се предлага:

- Соодветно управување со сите видови на отпад, особено да се врши селектирање, собирање и предавање на отпадот на овластени служби во согласност со законските обврски. Посебно внимание да се посвети на управувањето со индустрискиот отпад и отпадот кој поседува опасни карактеристики;
- Правилно чување и складирање на суровини и помошни материјали, масла, масти и др. и почитување на законските барања во однос на постапување со опасни материи;
- Превземање и имплементирање на сите неопходни мерки од евентуални технолошки ризици, несреќи и хаварии.

## 10.5. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА

Планската документација нуди препораки и решенија за управувањето со отпадните води и отпадот што претставува основен предуслов за спречување на негативните влијанија врз почвата, а индиректно и на подземните води при потенцијална инфилтрација на отпадните води. Со доследно спроведување на законските обврски ќе се спречи било какво загадување на почвата во самиот плански опфат надвор од него.

Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи повторно. Градежниот шут ако може да се употреби за тампонирање, а во случај да треба да се отстрани, истиот да се собере, транспортира и одложи на за таа цел посебно место на депонија. Во оперативната фаза треба да се забрани фрлање и неконтролирано одлагање на отпад. Се предлага мерките за заштита на почвата да се вградат во Оперативен план, кој ќе биде подготвен од експерт од таа област и воведување на строг и перманентен мониторинг на спроведување на планот. Доколку се применат предвидените мерки за правилно управување со отпадните води, воздух и отпад ќе се спречат негативни

влијанија врз почвата, а индиректно и на подземните води од евентуалната инфилтрација на отпадните води или промиениот отпад.

## 10.6. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ

Предвидените активности во планската документација вклучуваат обезбедување зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, што е од витален интерес за заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот. Сите овие активности ќе бидат во насока на зачувување и збогатување на амбиентните и естетските потенцијали на просторот.

## 10.6. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО

За намалување на влијанијата врз биолошката разновидност од работата на индустрискиот комплекс се препорачува примена на препорачаните најдобри достапни техники (НДТ) за намалување на емисиите во вода, воздух, ракување и складирање на материјали, отпад и сл.

Се препорачува разгледување на подетални мерки во постапката на оцена на влијанијата од секој поединечен проект, како и од секоја поединечна инфраструктурна активност, планирани во комплексот.

Доколку, за времетраењето на спроведување на планот се идентификуваат влијанија врз флората и фауната од значење за биолошката разновидност на РСМ, кои не биле земени предвид при подготовката на овој Извештај (заради недостаток на податоци), дополнително ќе се предвидат и соодветни мерки заради обезбедување на реверзибилност на видовите и живеалиштата.

## 10.7. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во планскиот опфат не е евидентирано културно наследство.

## 10.8. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Со примена на предвидените мерки за заштита на животната средина од различни аспекти (отпадни води, бучава, почва итн) ќе произлезе спречување на потенцијални негативни влијанија врз флората и фауната. Со помош на заштитните зелени зони со висока и ниска вегетација и хортикултурно уредување на планскиот опфат, дел од флората ќе се компензира, а со тоа ќе се ублажат негативните влијанија. Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната се примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот,отпадните води, отпадот, бучавата, почвата, воздухот и сл. На самиот простор за изработка на планот нема

евидентирано природно наследство. Доколку при изградба на објектите или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се превземат следните мерки на заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на деловите прогласени и предложени како природно наследство;
- Во подрачјата и зоните со строга заштита да се дозволат само научноистражувачки активности;
- На местата со карактер на природно наследство дозволено е користење на растителни и животински видови само во санитарно здравствени цели со специјална дозвола од надлежен орган;
- На подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши само со специјална дозвола од надлежен орган;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејсаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и превземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветните институции во окружувањето.

За намалување на влијанијата врз околниот растителен и животински свет кои ќе се јават како резултат на појавата на издувни гасови од користењето на градежна механизација во подготвителната и конструктивна фаза и користењето на моторни возила во оперативната фаза се препорачува употреба на исправна градежна мехнизација и користење на еколошки сертифицирани горива. За време на подготвителната и конструктивна фаза исто така, се очекува појава на емисии на фугитивна прашина како резултат на работењето на градежната механизација. За намалување на влијанијата од емисиите на фугативна прашина се препорачува употреба на распрскувачи.

## 10.9. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БУЧАВА

Проблемот кој се јавува заради зголемена бучава треба да се решава со заштитни зелени појаси и богати хортикултурни насади. Мерки кои се предвидуваат за спречување и намалување на бучавата се:

- Објавување на план на отпочнување и завршување на работите;
- Изведба на работите во тек на дневни часови и намалување на можноста за вознемиреност од бучава (од 07.00-17.00 часот);
- Користење на нови и технички исправни машини, кои предизикуваат помало ниво на бучава;
- Изведба на заштитни зелени појаси и хортикултурни садници во границите на планскиот опфат за намалување на нивото на бучава.

## 10.10. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ ПРЕДИЗВИКАНО ОД УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

За избегнување на негативните влијанија врз животната средина поради неправилно управување со отпадот се препорачува исполнување на законските обврски за управувањето со него, како што е собирање, селектирање и превземање на истиот. Мерките се вградени во техничките и организациони решенија на планскиот документ, додека собирањето и транспортот ќе се реализира од страна на Јавното комунално претпријатие.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци, заради потребата од нејзина дислокација и/или привремено складирање и отстранување во привремени одлагалишта. По завршување на активностите на терен градежниот шут ако може ќе се употреби за тампонирање, а во случај да треба да се отстрани, истиот да се собере, транспортира и одложи на посебно место на депонија. Согласно Законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Мора да се поттикнуваат процесите на повторно искористување, рециклирање и на преработка на материјалните/енергетските фракции на отпадот, со цел да се подобри искористеноста на ресурсите, а на депониите да се одстрануваат само неупотребливите фракции.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина. По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура неопходно е да се утврдат исклучиво декоративни насади. За воспоставување на систем на интегрирано и одржливо управување со отпадот во сите негови фази и заради елиминирање на потенцијалните негативни влијанија од неговото продуцирање се предлага присуство на лице лиценциран експерт за управување со отпад, кој ќе подготви Оперативен план за активностите и воспостави целосен и перманентен мониторинг. За избегнување на евентуалните влијанија врз животната средина поради несоодветното управување со отпадот, кој што ќе се создава на локацијата се препорачува реализација на законските обврски за управување со отпадот, почитувајќи ги пред се основните принципи за управување со отпадот (одржлив развој, принципот на близина, хиерархија на отпадот, загадувачот плаќа и др.). При управувањето со отпадот да се земе предвид хиерархијата во управувањето со отпадот и различни достапни технички опции за избегнување на отпадот, намалување на потенцијалот на опасност на отпадот и намалување на самите извори, искористување за

материјали/енергија, како и намалување на остатоците за депонирање во согласност со оценката на најдобра можна еколошка опција со цел да се применува еколошки безбедно финално депонирање, зачувување на необновливите природни ресурси и постигнување на минимални емисии од процесите на третман/депонирање на отпад во животната средина. Неопходно е да се воспостави ефективна организациска поставеност во сите фази на реализација на планскиот опфат од планирање до финално отстранување на генерираниот отпад на локацијата. Активностите на управување со отпад мора да ги спречуваат емисиите во животната средина, како и штетните и другите негативни ефекти врз здравјето и добро состојбата на населението, за животните и за вегетацијата и за живеалиштата и за природата, преку техничките мерки со посебна цел да се заштитат зелените површини и водните ресурси кои претставуваат добра од посебен национален интерес.

## 10.11. МЕРКИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ЗАШТИТА ОД НЕСРЕЌИ И ХАВАРИИ

Согласно Законот за заштита и спасување, (Сл. в. на РМ бр: 36/2004 и 86/2008) се уредува заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифеиотии, како и други несреќи во мир и во војна и од воени дејствија во Република С. Македонија

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04 и 86/08), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во соодветната област.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр; 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмите на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во Урбанистичките планови. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша, атмосферски и други непогоди.

Други несреќи се пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други гориви материи кои со воздухот

создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер. При изработка на техничката документација и изведбата на објектите, истите треба да ги задоволуваат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар и паника. Изработката на техничката документација треба да биде во согласност со Законот за заштита од пожар.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степенот на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари. Заради поуспешна заштита од ваквите појави во урбанистичките планови и проекти се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување на помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари. При планирањето на просторот, со диспозицијата на градежните парцели, сообраќајните правци и површините за градба, е водена посебна сметка за вградувањето на постојните противпожарни прописи, кои го бараат следното: брз и лесен пристап на ПП возила и другата ПП опрема во опфатот од неколку страни како би се овозможило кружно движење на истите,. Непосреден пристап на ПП возила и другата ПП опрема до ГП и до објектот во неа, Обезбедување на пропусна моќ и сообраќаен профил на сите улици во планскиот опфат со мин. ш = 5,5 м, потребен радиус на кривина и носивост на коловозот до 10,0 тони осовински притисок, за да може да се движат ПП возилата и останатата ПП опрема, Обезбедување на доволно количини на вода преку развиена хидрантска мрежа низ опфатот и пошироко. Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, огранизационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04 и 86/08) кој е во согласност со директивите на Европската Унија, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари. Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат. Согласно Просторниот план на РМ и согласно Законот за одбрана (Сл. Весник на РМ бр. 42/01, 05/03, 58/06 и 110/08), Законо за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр.29/05), просторот предвиден за изработка на предметната планска документација, се наоѓа во зона на простори загрозени од долготрајни воени дејства. Согласно член 53 од Законот за заштита и спасување треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа пред се офаќа изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура.

### 10.12 Интегрирани мерки за одржливо управување

Интегрираното управување со животната средина претставува клучен пристап во планирањето и реализацијата на енергетски комплекси од ваков тип. Со цел обезбедување долгорочна еколошка одржливост и оптимизација на ресурсите, препорачуваат се следните дополнителни мерки:

- Воспоставување на дигитален систем за мониторинг кој ќе ги следи во реално време параметрите за квалитет на воздух, температура, бучава, радијација и присуство на птици и други животни видови. Системот треба да биде отворен за јавен пристап со цел зголемување на транспарентноста.

- Примена на циркуларна економија при управувањето со отпад: сé што може да се реупотреби или рециклира (кабли, амбалажа, метални конструкции) треба да се врати во синџирот на вредности.

- Употреба на енергетски ефикасна и нискоемисиона механизација при изградбата и редовното одржување на комплексот.

- Едукација и континуирана обука на вработените за принципите на одржливост, климатски промени, биодиверзитет и управување со ризици.

- Разработка и периодично ажурирање на План за комуникација со локалното население и засегнатите страни со цел навремено информирање за сите фази на развој, со отворен канал за предлози и приговори.

- Поставување на панели за соларна енергија и на административните објекти, складишта и други помошни структури, со цел да се покрие дел од сопствената потрошувачка со чиста енергија.

- Вклучување на ученици и студенти од блиските образовни институции преку организирани посети, со цел едукација и промоција на обновливи извори на енергија.

Примената на овие мерки ќе овозможи подобра интеграција на комплексот во просторот и општеството и ќе придонесе кон остварување на државните и глобалните цели за одржлив развој.

**План за мониторинг врз имплементација на Планот од аспект на животната средина**

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за монитиринг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти, кои би настанале од реализација на планската документација.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина.

Исто така, планот за мониторинг овозможува воспоставување на интерактивна врска

помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки. Основните цели и бенефитот од мониторингот над влијанијата врз животната средина се:

- да се потврди дека договорените услови при одобрувањето на планската документација се соодветно спроведени;
- да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на планската документација и управување со истите;
- да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следењето на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Следењето на состојбата на медиумите ќе се реализира со дефинирани параметри за следење на секој медиум и со дефинирана фрекфенција за секоја активност поединечно.

## 11. АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

| Фактор | Директни влијанија | Индиректни влијанија | Кумулативни влијанија | Ефект | Времетрае ње | Мерки за ублажување на влијанијата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| НАСЕЛЕНИЕ | **Фаза на изградба**<br>Влијанија врз здравјето на луѓето:<br>- зголемено ниво на бучава и вибрации,<br>- загадување на воздухот од издувни гасови од транспортните средства и честички на прашина од градежните активности | Нема | Изведба на поединечни проекти во планскиот опфат | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>Да се гради за време на сезона<br><br>Ограничување на работните дневни часови<br><br>– |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>- креирање на нови работни места<br>- подобрен животен стандард<br>- подобрена социо-економска состојба<br>- намалена миграција на населението | Нема | Нема | Позитивни влијанија | Догорочни | |
| БИОДИВЕРЗИТЕТ | **Фаза на изградба**<br>- нарушување и уништување на природните живеалишта на видовите на флора и фауна<br>- вознемирување и раселување на одредени видовите на фауна (птици, и др) | Нема | Можни се и различни се за секој поединечен проект | Незначителни негативни влијанија | Догорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-контролирано собирање на лековити билки и други плодови<br><br>Избегнување на репродуктувни циклуси на животните<br><br>Контрола на бесправна сеча |
| | **Оперативна фаза**<br>- вознемирување и раселување на видовите на фауна (птици, и др) | Нема | Можни се и различни се за секој поединечен проект | Незначителни негативни влијанија | Догорочни | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВОЗДУХ | **Фаза на изградба**<br>Нарушување на квалитетот на воздухот:<br>- издувни гасови од транспортните средства<br>- честички на прашина од градежните активности | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-користење на еколошки горива<br><br>-избегнување на работа во сушни периоди или да се попрскува земјиштето во вода |
| | **Оперативна фаза**<br>- издувни гасови од транспортните средства<br>- издувни гасови од производствениот процес | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Долгорочни | - користење на еколошки горива<br>- контрола на испуштање на издувни гасови од технолошкиот процес<br>- користење на природен гас<br>- зелени заштитни појаси |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВОДА | **Фаза на изградба** Загадување при неправилно ракување и неконтролирано испуштање на масла, горива и цврст отпад | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br>-правилно управување со отпад<br>-користење на еколошки горива |
| | **Оперативна фаза**<br>- неправилно ракување и неконтролирано испуштање на масла, горива и цврст отпад<br>- неконтролирано испуштање на води од технолошкиот процес | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Краткорочни | - претретман на отпадните води доколку се утврди дека е потребно<br>- контрола на квалитетот на отпадни води |
| ПОЧВА | **Фаза на изградба**<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на цврст отпад (градежен шут) | Нема | Нема | негативни влијанија кои ќе бидат подетално утврдени при изведбата на проектот | Долгорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br>-правилна употреба на отпад |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на отпадни масла и други отпадни материи,<br>- нарушување на квалитетот на почвата при неправилно ракување и одлагање на цврст отпад (индустриски) | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Долгорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-правилна употреба на отпад |
| БУЧАВА | **Фаза на изградба**<br>Зголемено ниво на бучава од:<br>- изведба на градежни работи<br>- транспортни средства | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-користење на механизација која продуцира помалку бучава |
| | **Оперативна фаза**<br>Зголемено ниво на бучава од:<br>- транспортни средства<br>- индустриски објекти | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Долгорочни | - поставување на заштитни зелени појаси |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИБРАЦИИ | **Фаза на изградба**<br>Зголемено ниво на вибрации се очекува од градежната механизација | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>користење на современа механизација |
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекува појава на вибрации | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| ОТПАД | **Фаза на изградба**<br>Зголемено количество на цврст отпад (инертен) при изведување на градежните работи | Нема | Нема | Негативни влијанија кои ќе бидат дефинирани | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација<br><br>-правилна употреба со генерираниот отпад |
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат<br>Постои систем за управување со отпад | Нема | Нема | Нема | Нема | Примена на систем на управување со отпад |
| КУЛТУР НО НАСЛЕД СТВО | **Фаза на изградба**<br>Не е евидентирано во близина на објектот<br>Не се очекуваат влијанија | Нема | Нема | Не се очекуваат влијанија | Нема | примена на мерките предвидени во планската документација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат влијанија | | | | | доколку се наиде на археолошки наоѓалишта |
| ПРЕДЕЛ | **Фаза на изградба**<br>Нарушување на естетските вредности на подрачјето | Нема | Нема | Незначителни негативни влијанија | Краткорочни | - примена на мерките предвидени во планската документација |
| | **Оперативна фаза**<br>Не се очекуваат влијанија | | | Позитивни влијанија | Долгорочни | - заштитни појаси<br>- адекватно уредување на просторот<br>- унапредување на естетските вредности<br>- зачувување на пределските карактеристики<br>- рационално користење на природните ресурси |
| ХАВАРИИ И НЕСРЕЌИ | **Фаза на изградба**<br>Негативни влијанија врз сите медиуми и области на животната средина | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | Не може да се предвидат | - примена на мерките предвидени во планската документација |
| | **Оперативна фаза**<br>Не може да се предвидат | | | | | |

## 12. АЛТЕРНАТИВИ

При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор за најдобро избрано решение за намена на локацијата, од аспект на економска оправданост, финансиски можности и заштита на животната средина.

За избор на најсоодветна анализа разгледувани се следните алтернативи:

- Алтернатива „Do nothing scenario“;
- Алтернатива I-изградба на стопанско-индустриски комплекс со намена лесна и незагадувачка индустрија во рамките на предвидениот плански опфат.

Подетална анализа на овие алтернативи е дадена во продолжение:

*Алтернатива „Do nothing* scenario *“*

Вообичаено при Стратешката оцена на животната средина од реализацијата на одредени плански или стратешки документи се разгледува опција „без да се спроведе“ („Do nothing option“) планска активност, односно работите да останат онака како што се.

Во конкретниот случај на донесување на планскиот документ, доколку истиот не се донесе и не се спроведе, се очекува да продолжат следните трендови:

- Може да дојде до узурпација на просторот со дивоградби, како и други неплански и некомпатибилни содржини, кои може да бидат пречка во идната урбанизација на просторот;
- Намалена можност за активирање на невработеното работоспособно население;
- Помалку приходи од даноци и комунални такси во буџетот на Општината;
- Од аспект на животна средина доколку не дојде до имплементација на планот ќе остане сегашната состојба на медиумите без дополнителни емисии од новите индустриски капацитети;
- Предметната локацијата без имплементација на планот и понатаму ќе остане земјоделско земјиште со бонитет на земјиште од V-VI класа, односно површина која ќе се користи за земјоделски намени или пак ќе остане неискористена површина.
- локацијата и понатаму ќе остане земјоделско обработливо земјиште.
- нема да се генерираат нови емисии во медиумите од животната средина кои може дополнително да влијаат врз здравјето на населението и земјоделските култури, односно квалитетот на животната средина ќе остане на досегашното ниво;

- нема да се отворат нови работни места и разгледувано од социоекономски аспект ќе продолжи трендот на невработеност, сиромаштија, миграција и сл.

*Алтернатива I Изградба на стопанско-индустриски комплекс во рамките на предвидениот плански опфат*

Имплементацијата на предложениот плански документ, на предвидената локација се покажува поприфатлива во однос на разгледуваната варијатна „do nothing scenario“ од повеќе аспекти:

- Планскиот опфат не е во конфликт со планови од повисоко ниво;
- Планскиот опфат не се наоѓа во заштитено подрачје;
- Урбанизација на просторот што отвара можности на општината за привлекување на инвестиции;
- Добра сообраќајна поврзаност;
- Зголемена можност за вработување на локалното население;
- Зголемени приходи во општинскиот буџет и голем допринос во стопанскиот развој на Општината.

## 13. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за мониторинг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти, кои би настанале од реализацијата на урбанистичка планска документација.

Согласно Законот за животна средина, Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, со цел во рана фаза да се согледаат непредвидените негативни ефекти и да се преземат соодветните дејствија за поправање на состојбата. Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и превземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина. Основните цели и бенефитот од мониторингот на ефектите врз животната средина се:

- Следење на имплементацијата на активностите предвидени со планскиот документ;
- Следење на имплементацијата на мерките за контрола на влијанијата;
- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животнатасредина;

- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за системско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина се:

- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- Да се потврди дека договорените услови при одобрување на планската документација се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија одимплементацијата на планската документација и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанија врз животната средина

Со цел да се изврши мониторинг на ефикасноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следење на состојбата на животнта средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што се претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Следењето на состојбата на медиумите ќе се реализира со дефинирани параметри за следење на секој медиум и со дефинирана фрекфенција за секоја активност поединечно. Правилната имплементација на урбанистичка планска документација, примената на предложените мерки за ублажување на влијанијата и нивната функционалност, оправданоста на целите на Планот и на стратегиската оцена на животната средина ќе се потврдат преку следење на следните индикатори:

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста и функционалноста на Планот, потребно е да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина:

- Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите;
- На локациите на градба, во текот на градбата треба да се користи соодветна мерна опрема за бучавата и вибрациите, согласно законската регулатива;
- На локациите на градба, во текот на градбата треба да се воспостави систем на управување со основните медиуми во животната средина, отпадот, отпадните води, отпадните масла и слично преку воспоставување на Оперативен план, кои ќе го подготват лиценцирани експерти за таа цел за секоја од наведените медиуми, како би се елиминирале појавите на хаварии или негативни влијанија на животната средина во оваа фаза.
- На локациите на градба, во текот на изведбата треба да се воспостави манипулативен простор за движење и функционирање на сообраќајните возила и механизацијата за што ќе биде одговорен експерт за таа цел, кој ќе го подготви Оперативниот план и ќе ја следи неговата имплементација во оваа фаза;
- Да се воспостави и режим на сообраќај и движења на моторните возила и механизацијата, која ќе биде вклучена во фазата на градење имајќи ги ограничените услови на сообраќајната инфраструктура;
- На локациите на градба, во текот на градбата ќе се воспостави потребната инфраструктура за успешно и целосно реализирање на фазата на градење имајќи ги предвид потребите на вработените;

| ЦЕЛИ | ПРЕДМЕТ | МОНИТОРИНГ | СОЖС ИНДИКАТОРИ | ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| - Подобрување на квалитетот на живот на локалното население,<br><br>- Подобрување на здравјето на луѓето и<br>- Зголемување на животниот стандард | Сите медиуми на животната средина<br><br>Население | - Мониторинг на медиумите во животната средина<br><br>- Следење на состојбата на здравјето на населението<br><br>- Следење на стапката на вработеност<br><br>- Следење на приходите на вработените во планскиот опфат | - Измерени вредности за емисии во медиумите на животната средина,<br>- Намалени психо-физички заболувања на населението, како резултат на нарушен квалитет на животната средина,<br>- Зголемена стапка на вработеност<br>- Намалена миграција<br>- Намален број на невработени | - Редовни извештаи за мониторинг од МЖСПП или акредитирана институција<br><br>- Извештаи од Министерство за здравство,<br><br>- Финансиски извештаи,<br><br>- Статистички извештаи,<br><br>- Локална самоуправа, |
| - Подобрување на квалитетот на воздухот<br><br>- Намалување на емисиите на стакленичките гасови | Квалитет на воздухот<br><br>Климатски фактори | - Мониторинг на амбиентен воздух и квалитет на воздух од испуст на инсталациите | - Концентрација на измерените вредности во границите на МДК<br>- Непроменетата состојба на квалитет на амбиентен воздух во однос на измерените концентрации на амбиентен воздух мерени во претходната постојна состојба<br>- Користење алтернативните извори на енергија<br>- Број на вработени кои користат јавниот | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција<br><br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП<br><br>- Редовни извештаи од Заводот за јавно здравје<br><br>- Статистички извештаи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | транспорт | |
| - Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата | Површински води<br><br>Подземни води<br><br>Квалитет на почва | -Мониторинг на квалитетот на третираните отпадни атмосферски, индустриски и комунални води | - Квалитет според микро-биолошки анализи на третирана отпадна вода<br>- Квалитет на подземните води во рамките на МДК<br>- Подобрена ефикасност во употреба на водата<br>- Постројка за предтретман на отпадни води доколку е потребно<br>- Количина на отпад кој е одложен на депонија | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП или акредитирана институција<br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП<br>- Редовни извештаи од Заводот за јавно здравје<br>- Статистички извештаи<br>- Редовни извештаи од Министерство за здравство |
| - Заштита и унапредување на биодиверзитетот | Флора, фауна<br><br>Природни живеалишта | - Мониторинг врз квалитетот живеалиштата и популациите на карактеристичните видови на флора и фауна | - Процент на зачувани живеалишта/видови | - Извештаи од МЖСПП |
| - Соодветно управување со отпадот | Управување со отпад<br><br>Квалитет на почва<br><br>Квалитет на површински и подземни води | -Мониторинг врз управувањето со отпадот | - Намален процент на генериран отпад<br>- Зголемен процент на рециклиран и повторно употребен комунален отпад | - Редовни извештаи од мониторинг на МЖСПП<br>- Катастар на загадувачи при МЖСПП<br>- Извештаи од локалната самоуправа<br>- Редовни извештаи од јавното комунално петпријатие |
| - Минимизирање на | Сите медиуми | Степен на | - Намален или | Извештај за релизација на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| појавите на несреќи и хаварии | од животната средина | имплементација на препораките за заштита од несреќи и хаварии | елиминиран ризик од несреќи и хаварии | планска документација |

## 14. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Заклучоци и препораки кои беа дефинирани при изработката на извештајот за стратегиска оцена на животната средина за реализација на планскиот документ се следните:

- Примена на насоките и елементите за изработка на просторни и урбанистички планови од аспект на заштита на животната средина и примена на мерките и активностите за рационално користење и заштита на просторот, дефинирани во Урбанистичкиот план;
- Спроведување на Планот за мониторинг, со кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија;
- Спроведување на мерките за заштита и спасување, дефинирани во планската документација;

  Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на јавна расправа;

Реализирањето на Урбанистичкиот план има позитивни влијанија врз социо-економската состојба, кои ќе се манифестираат преку создавање на работни места, намалување на миграцијата и подобрување на локалната економија.

## 15. ЛИСТА НА РЕЛЕВАНТНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТВА

***Листа на национална законска регулатива***

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 74/05);
3. Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 33/06);
4. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
5. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
6. Правилник за воспоставување на листата на експерти за СОЖС, процедурата за спроведување на испитот за експерти за СОЖС, воспоставување комисијата за оценка на знаењето на експертите за СОЖС („Сл. Весник на РМ” бр. 129/07);
7. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 144/07);

8. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/2008);
9. Правилник за стандарди и нормативи за планирање на просторот („Сл. Весник на РМ” бр. 69/99);
10. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 24/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14);
11. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/12 и 10/15);
12. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04);
13. Закон за води („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11,44/12, 23/13, 163/13 и 180/14);
14. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
15. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99 и 71/99);
16. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
17. Закон за отпад („Сл. Весник на РМ” бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 9/11, 123/12 и 163/13);
18. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ” бр. 100/05);
19. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13);
20. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ” бр. 64/93);
21. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14 и 44/14);
22. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 41/14);
23. Закон за благосостојба на животните („Сл. Весник на РМ” бр. 113/07);
24. Закон за благосостојба на растенијата („Сл. Весник на РМ” бр. 25/98; 06/00);
25. Закон за заштита на растенијата („Сл. Весник на РМ” бр. 25/98; измени 06/00);
26. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ” бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13 и 53/13);
27. Закон за енергетика („Сл. Весник на РМ” бр. 16/11, 136/11 и 79/13);
28. Закон за експропријација („Сл. Весник на РМ” бр. 95/02, 131/12 и 24/13).

### *Листа на релевантни ЕУ директиви*

Директиви на ЕУ ипфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Директива за депонии (99/31/ЕС) дополнета со Регулатива (ЕС) 1882/2003

3. Регулатива за пренос на отпад (EEC) 259/93 дополнета со Одлуките 94/721/EC, 96/660/EC, 98/368/EC и 99/816/EC, и Регулативите (EC) 2408/98, (EC) 120/97 и (EC) 2557/2001
4. Директива за управување со отпадот од индустрија за екстракција на минерални суровини (2006/21/EC)
5. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/EC), дополнета со Регулативата (EC) 1882/2003
6. Директива за национални плафони на емисии (2001/81/EC)
7. Директива за бензен и јаглерод моноксид (2000/69/EC)
8. Директива за озон во амбиентниот воздух 2002/3/EC
9. Директива 2004/107/EC за арсен, кадмиум, жива, никел и полициклични јаглеводороди во амбиентниот воздух
10. Директива за информирање на корисници (1999/94/EC) дополнета со Директивата 2003/73/EC
11. Рамковна Директива за вода (2006/60/EC) дополнета со Одлуката 2455/2001/EC
12. Директива за урбани отпадни води (91/271/EEC) дополнета со Директивата 98/15/EC и Регулативата (EC) 1882/2003
13. Директива за вода за пиење (98/83/EC) дополнета со Регулативата (EC) 1882/2003
14. Директива за површинска вода за апстракција (75/440/EC) дополнета со Директивите 79/869/EEC и 91/692 EEC (ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2006/60/EC) од 22.12.2007
15. Директива за вода за капење (2006/7/EC)
16. Директива за испуштање на опасни супстанции во водите (76/464/EEC) дополнета со Директивата (91/692/EEC и 2000/60/EC) е биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/EC) од 22.12.2007, освен член 6, кој беше отповикан на 22.12.2000.
17. Директива за мерење на квалитетот на водата за пиење (79/869/EEC) дополнета со Директивите 81/855/EEC, 91/692/EEC, и Регулативата (EC) 807/2003 ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/EC) од 22.12.2007)
18. Директива за подземни води (80/68/EEC) дополнета со Директивата 91/692/EEC
19. Директива за вода за риби (78/659/EEC) дополнета со Директивата 91/692/EEC и Регулативата (EC) 807/2003
20. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/EC)
21. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/EC)
22. Директива за Оценка на влијанието врз животната средина (85/337/EEC) дополнета со Директивите 97/11/EC и 2003/35/EC

## 16. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ОВЖС И СОВЖС

Стратегиската оцена на влијание врз животната средина (СОВЖС) се однесува на проценка на влијанието на планските документи (стратегии, планови и програми) врз животната средина и здравјето на луѓето, а додека пак влијанието врз животната

средина и здравјето на човекот од изведбата на проекти, е предмет на разгледување на процесот за спроведување на оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС).

| **Неколку споредби помеѓу СОВЖС и ОВЖС** | |
|---|---|
| **СОВЖС за политики, планови и програми** | **ОВЖС за проекти** |
| Завзема место во поранешните фази од циклусот на донесување на одлуки:<br>Цел - да се спречат влијанијата | Завзема место на крајот на циклусот за донесување одлуки:<br>Цел - да се минимизираат влијанијата |
| Про-активен пристап кон развојните прелози | Реактивен пристап кон развојните предлози |
| Зема во обзир широк опсег на потенцијални алтернативи | Зема во обзир ограничен број на можни алтернатив |
| Процена на кумулативните ефекти е клучот на СОВЖС | Ограничен преглед на кумулативните ефекти |
| Акцент на цели на животната средина, управување со природните системи | Акцент на мерки за ублажување и минимизирање на влијанијата |
| Широка перпектива, ниско ниво на детали, обезбедување на визија и генерална рамка | Дефинирана постапка, високо ниво на детали |
| Повеќе-фазен процес, преклопување на компонентите, нивото на политиката се продолжува, повторлив | Добро дефиниран процес, јасен почеток и крај |
| Се фокусира на одржлива агенда, користење на ресурсите и деградација на животната средина | Се фокусира на стандардната агенда, системот на закани врз животната средина |

**Промена на фокусот на СОВЖС од пониско кон повисоко ниво**

| СОВЖС ⟵ | ⟶ ОВЖС | |
|---|---|---|
| „повисоко ниво“ ⟵ | | ⟶ „пониско ниво“ |
| **Ниво на донесување одлуки** | **Политика**<br>**План** | **Програма** **Проект** |
| **Природа на акција** | Стратешка, визионерска | Непосредна, оперативна |
| **Резултати** | Генерални / селективни | Детални |
| **Степен на влијанија** | Макроскопски, кумулативни, нејасни | Микроскопски, Локализирани |
| **Временска скала** | Долгорочни до среднорочни | Среднорочни до краткорочни |
| **Клучни извори на податоци** | Стратегии за одржлив развој, извештаи за состојба на животната средина, визии | Посета на терен, едноставни анализи |
| **Вид на податоци** | Квалитативни | Квантитативни |
| **Алтернативи** | Опсег на област, политички, регулативи, технолошки, физички, економски | Специфични локации, дизајн, конструкција, операција |
| **Потешкотии при анализите** | Нејасни | Точни, ригорозни |
| **Оцена на перформанси** | Одржливи перформанси (критериуми и цели) | Правни рестрикции и најдобри практики |
| **Улога на практикант** | Медијатор за преговори | Застапување на вредности и норми |
| **Перцепција на јавноста** | Неодредени, далечни | Пореактивни |

# 17.1. СКИЦА ОД СИНТЕЗЕН ПЛАН



# 18. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТУВАЧОТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје

Број 07-23/16
13.01.2011, година

П О Т В Р Д А
за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

АЦЕСКА Томе НАТАЛИЈА дипломиран професор по биологија од Прилеп, родена на 23.05.1968 година, во село Ново Село, Република Македонија, на ден 30.12.2010 година го положи стручниот испит за стекнуање на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина, пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10 и 124/10) и е со важност од пет години, почнувајќи од денот на издавањето на истата. За продолжување на потврдата за дополнителни пет години, треба да се поднесе барање за продолжување на потврдата до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Министерство за животна средина и просторно планирање

Министер,
Dr. Nexhati Jakupi

Комисија за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

МП

## 19. ПРИЛОЗИ (ИЗВЕСТУВАЊЕ, МИСЛЕЊЕ, ЈАВЕН ОГЛАС, ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ НА ЈАВНА РАСПРАВА, ЗАПИСНИК ОД ЈАВНА РАСПРАВА)